Разгледување креативни приоди за акција против корупција во Западна Африка и на Западен Балкан

СОЗДАВАЊЕ ПРОМЕНА

СОЗДАВАЊЕ ПРОМЕНА

ЗАПАДНА АФРИКА
Гана
Гвинеја
Сенегал

ЗАПАДЕН БАЛКАН
Босна и Херцеговина
Северна Македонија
Албанија
Србија

Проектот Антикорупциски регионални креативни јадра креираше платформа на уметниците, активистите и новинарите на Западен Балкан и во Западна Африка, преку која тие добија обука, изградија регионални мрежи и експериментираа врз основа на алатките и тактиките на креативниот активизам, со што предизвикаа интерес и мобилизираа широка јавна акција против корупцијата. Страствените застапници од двата региона, зајакнати со примената на новите приоди и алатки, тестираа дали можат да мотивираат поширок јавен одговор против корупцијата, со намерна употреба на симболи, знаци и приказни што се длабоко прифатени во нивниот контекст. Како што беше наведено од основачите на Центарот за уметнички активизам (C4AA), клучен партнер во оваа работа – уметнички активизам – е практиката насочена кон генерирање AEffect: искуства што будат трајни емоции и водат кон мерлива промена на мокта. Најважно од сè, тие имаат огромен потенцијал да ги раздвижат луѓето и организациите и да стимулираат култура на креативност. Се надеваме дека барем исшто од сево ова може да се види преку содржината понудена во оваа публикација.

ISBN 978-608-218-369-5

OPEN SOCIETY
Initiative for West Africa

FOUNDATION ОРЕН ФАУНДЕЈШЈА
OPEN SOCIETY FOUNDATION
SOCIETY FOUNDATION
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА



НЕ ТРОШИ ЗА ЗАЛУДНО ВОДАТА
(DON'T WASTE THE WASTE)
Вања Лазиќ (Босна и Херцеговина)
Нана Акосуа Хансон
(Nana Akosua Hanson) (Гана)

БИДЕТЕ УМЕТНОСТ АКТИВНИ
ПРОТИВ КОРУПЦИЈА ВО
ВАШИОТ ОПШТЕСТВО!
(BE ART ACTIVE
AGAINST CORRUPTION
IN YOUR SOCIETY!)
Едиса Демиќ (Босна и Херцеговина)
Оумар Сал (Oumar Sall) (Сенегал)
Драгана Гунин (Северна Македонија)

[AR] – TITUDE
КОРИСТЕЊЕ АРГУМЕНТИРАНА
РЕАЛНОСТ ВО БОРБАТА
ПРОТИВ ПОГРЕШНИ ПОДАТОЦИ
ВО ГАНА И ВО СРБИЈА
(USING AUGMENTED REALITY TO
COMBAT DATA CORRUPTION IN
GHANA AND SERBIA)
Принц Ендру Ардефио
(Prince Andrew Ardayfio) (Гана)
Ана Ќимов (Србија)
Јура Адамс Карим
(Ewura Adams Karim) (Гана)

УМЕТНОСТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА
(ART AGAINST CORRUPTION)
Ана Ќимов (Србија)
Оуму Регина Самбоу
(Oumy Regina Sambou) (Сенегал)
Игор К. Илиевски (Северна Македонија)

ГРАДОТ БЕЗ КОРУПЦИЈА
(THE CITY WITH NO CORRUPTION)
Јета Пера (Jeta Pera) (Албанија)
Анила Бала (Anila Balla) (Албанија)
Драгана Гунин (Северна Македонија)

ПРЕКУ ГРАНИЦИ
ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА
ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА ВО
ЗАПАДНА АФРИКА ПРЕКУ
РАДИОСОДРЖИНА
(CROSS-BORDERS
CROSS-BORDER ANTI-CORRUP-
TION COLLABORATION IN WEST
AFRICA THROUGH RADIO
CONTENT)
Оумар Сал (Oumar Sall) (Сенегал)
Алхасан Кона Балде
(Alhassane Konah Baldé) (Гвинеја)

© RCH „Corruption at Workplaces Based on Gender", North Macedonia, 2021

СОЗДАВАЊЕ ПРОМЕНА

Разгледување креативни приоди за акција против корупција во Западна Африка и на Западен Балкан

Дакар – Скопје
2022

СОЗДАВАЊЕ ПРОМЕНА

Разгледување креативни приоди за акција против корупција во Западна Африка и на Западен Балкан

Уредничка редакција

Радмила Масловарић (Radmila Maslovarić), Славица Инцевска, Адријана Лавчиска, Хава Ба (Hawa Ba), Стефан Данком (Stephen Duncombe), Сама Пит (Summer Peet), Конор Смит (Connor Smith), Аида Ченгић (Aida Čengić), Мамадоу Диало (Mamadou Diallo), Џесика Лоинг Розенберг (Jessica Lowing Rosenberg)

Автори

Славица Инцевска, Хава Ба (Hawa Ba), Стивен Данком (Stephen Duncombe), Конор Смит (Connor Smith), Сама Пит (Summer Peet), Дајана Малаи (Diana Malaj), Фатоу Кине Диоуф (Fatou Kiné Diouf)

Издавачи

Фондација Отворено општество – Македонија (Скопје)
Иницијатива за отворено општество за Западна Африка (Open Society Initiative for West Africa) (Дакар)

Ко-издавачи

Фондација отворено општество Србија (Open Society Foundation Serbia) (Белград)
Фондација отворено општество за Албанија (Open Society Foundation for Albania) (Тирана)
Фонд отворено општество – Босна и Херцеговина (Open Society Fund) (Сараево)

Одговорен уредник

Радмила Масловарић

Графички дизајн

Мане Радмановић

Печати

Стандард2, Белград

Тираж

400 (Англиски)
100 (Француски)

ISBN 978-608-218-369-5

OPEN SOCIETY Initiative for West Africa

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

OPEN SOCIETY FOUNDATION SERBIA

OPEN SOCIETY FOUNDATION FOR ALBANIA

Open Society Fund Bosnia & Herzegovina — Fond otvoreno društvo Bosna i Hercegovina

OPEN SOCIETY FOUNDATIONS

© RCH: „Work in Progress", Serbia, 2021

СОДРЖИНА

10 *Кликот* што инспирираше експериментирање за социјална промена
Славица Инџевска и Хава Ба

23 Теорија на промени за креативен активизам
Стивен Данком

51 Студии на случај
Западна Африка
Западен Балкан

111 Други проекти од иницијативата
Западна Африка
Западен Балкан

153 Учесници во Регионалните креативни јадра

163 Управувачко тело на иницијативата Регионални креативни јадра

© Regional Creative Hubs Initiative, 2021

This work is licensed under the Creative Commons Attribution-NonCommercial-NoDerivatives 4.0 International License (CC BY-NC-ND 4.0) https://creativecommons.org/licenses/by-nc-nd/4.0/

©RCIT: „On My Own", Bosnia and Herzegovina, 2021

КЛИКОТ

ШТО ИНОВИРАШЕ ЕКСПЕРИМЕНТИРАНЕ ЗА СОЦИЈАЛНА ПРОМЕНА

Славица ИНЏЕВСКА и Хава БА
во име на иницијативата Регионални креативни јадра

Оваа иницијатива може да биде приказна за еден *клик* што менува сѐ, но може да биде и приказна за важноста да се сонува во боја. Исто како што може да биде и приказна за тоа колку е важно да не заборавиме колку самата игра може да биде забавна, колку е продуктивно и удобно да се биде во тим изграден на доверба, почит и флексибилност… Приказна за значењето на поединецот, но пред сѐ приказна каде што клучната поента е во мо́кта на колективот – и во смисла на мобилизација на напорите и во смисла на амбицијата за трансформациска промена. Да, оваа приказна е возможна и вистинска, дури и во рамките на работата на финансиерите и нивната релација со корисниците и со заедниците на кои тие се стремат да им служат.

Кликот се случи на работилниците за уметнички и креативен активизам на Центарот за уметнички активизам (C4AA), организирани од Програмата за култура и уметности на ФОО за вработените во ФОО во текот на 2017 и 2018 година. Комбинацијата од можноста да се размислува UTOPIA додека се дизајнираат и спроведуваат значајни креативни јавни акции и кампањи – понудени од методологијата за креативен активизам развиена од Стивен Данком и Стив Ламберт од C4AA – се покажа дека е многу потребниот кислород за преобмислување

на нашите приоди и издигнување на нашата работа како даватели на грантови и застапници за социјална промена на следното ниво. Накусо, самите можевме да видиме дека методологијата на креативниот активизам, всушност, функционира и овозможува значаен процес, комбинирајќи флексибилност, инклузивност и бескрајна забава за сите инволвирани. Покрај тоа, човек во неа наоѓа неисцрпна фонтана што ја поттикнува креативноста и инспирацијата за социјална акција. Искрено, тоа е победничка комбинација на лично и на професионално ниво.

Една од главните појдовни точки во нашето размислување за оваа заедничка иницијатива беше дека корупцијата има драматично влијание врз секојдневните животи на граѓаните – и на Западен Балкан и во Западна Африка. Актерите од граѓанското општество во двата региона честопати не успеваат да генерираат наративи со кои може да се поврзе општата јавност, иако постојано вклучена, презентирајќи антикорупциски информации преку техничките извештаи и финансиските анализи, трудејќи се да мобилизираат кампањи за застапување преку петиции, писма до уредникот, демонстрации и други традиционални методи на кои граѓаните, генерално, не одговараат. Огромни ресурси се инвестираат во издигнувањето на свеста на граѓаните за чумата наречена корупција, но ефективната граѓанска мобилизација и јавната акција – во поглед на досегот и влијанието – сè уште се ограничени.

Охрабрени од сопственото искуство со почетната обука базирана на ригорозно артикулирана наставна програма, а сепак со неодолив вкус на игривост на процесот, потребата за креирање и постојаната желба и посветеност да се одговори на предизвиците на новите, заеднички дефинирани и поуспешни приоди против корупцијата, неколкумина од нас го минаа летото 2018 година во бројни онлајн средби, дизајнирајќи ја оваа иницијатива. Да бидеме искрени, за многумина од нас тоа беше чудна, необична, речиси невозможна комбинација: да ги собереме заедно не/вообичаените осомничени, т.е. уметниците, активистите и новинарите, посветени да ги предизвикуваат постоечките антикорупциски практики и доминантни наративи. Сепак, малата работна група се собра околу оваа идеја, убедена во моќта на здружените сили и поддржана од претходните успешни искуства на соработка во рамките на мрежата на ФОО, и – покрај првичните сомнежи на многумина – продолжи да ја рафинира идејата, која ја

презентираше во септември 2018 година на средбата за борба против корупцијата на Мрежата на Фондациите отворено општество (ФОО) во Богота. Неколку тематски програми и фондации на ФОО веднаш го прифатија овој експериментален концепт и одлучија да го спонзорираат: Иницијативата Отворено општество за Западна Африка, Фондацијата Отворено општество – Македонија, Фондот отворено општество – Босна и Херцеговина, Фондацијата отворено општество Србија и Фондацијата отворено општество Албанија, со поддршка од Програмата за култура и уметност на ФОО, Програмата за економска правда и Лабораторијата на стратегиската единица.

Проектот што произлезе како резултат на напорите на средбата за борба против корупција на ФОО да се генерираат нови глобални иницијативи, кои на активностите против корупција ќе им придат на поиновативни и поефикасни начини и ќе имаат моќни ефекти, беше одобрен од лидерите на ФОО кон крајот на 2018 година и почна да се реализира во втората половина на 2019 година. Покрај придонесите на секоја од партнерските програми/фондации, проектот е финансиран со дел поголем од 4 милиони долари, распределени глобално од ФОО Резерви за поддршка на колаборативни проекти против корупцијата. Како експеримент кој се стреми да генерира робусна меѓурегионална соработка и учење, иницијативата е поддржана од експерти советници и на Западен Балкан и во Западна Африка, двајца колеги (по еден од секој регион) и од организација за евалуација и консалтинг.

Проектот **Антикорупциски регионални креативни јадра** креираше платформа на уметниците, активистите и новинарите на Западен Балкан и во Западна Африка, преку која тие добија обука, изградија регионални мрежи и експериментираа врз основа на алатките и тактиките на креативниот активизам, со што предизвикаа интерес и мобилизираа широка јавна акција против корупцијата. Страствените застапници од двата региона, зајакнати со примената на новите приоди и алатки, тестираа дали можат да мотивираат поширок јавен одговор против корупцијата, со намерна употреба на симболи, знаци и приказни што се длабоко прифатени во нивниот контекст. Како што беше наведено од основачите на Центарот за уметнички активизам (C4AA), клучен партнер во оваа работа – уметнички активизам – е практиката насочена кон генерирање *AE*ffect: искуства што будат трајни емоции и водат кон мерлива промена на моќта. Најважно од сè, тие имаат огромен потенцијал да

ги раздвижат луѓето и организациите и да стимулираат култура на креативност. Се надеваме дека барем нешто од сево ова може да се види преку содржината понудена во оваа публикација.

Замислен како концепт што ќе ги максимизира можностите за лични средби и колаборативна работа, проектот се соочи со огромниот предизвик од ограничувањата за патувања, наметнати од протоколите за безбедност и заштита од КОВИД-19. Всушност, физички успеавме да се сретнеме само трипати од почетокот на иницијативата во 2019 година: на отворањето во Белград (во април), на првата обука за учесниците во Сараево (во септември) и на регионалниот форум во Дакар (во декември). Протоколите што ги наметна пандемијата со КОВИД нè префрлија на онлајн прогресивен распоред за обука, екстензивни менторски сесии и средби фокусирани на споделување, размена, експериментирање и заедничко учење. Како резултат на овој обид за глобална соработка, иницијативата ги опреми учесниците – активисти, уметници и новинари – со капацитет не само да постават јавни акции во нивните локални заедници, подоцна и во рамките на регионите, кои кулминираа во меѓурегионални колаборативни иницијативи, туку обучи и други кои локално ќе ги предизвикаат вкорене-

тите култури на корупција во нивните региони. Патем, тимот на Фондациите отворено општество (Управувачки комитет) – група посветени ентузијасти на три континенти – се сретнуваше редовно, и лично и на растојание, заради навигација на новата реалност што се менуваше, за да го менаџира процесот, да ги сподели лекциите и да го повтори приодот на проектот и распоредот врз основа на интервенциите на уметничкиот активизам спроведени на терен, како и сесиите за обука во двата региона.

Силно веруваме дека оваа публикација, видеото во кое се претставени некои од проектите поддржани од оваа иницијатива, вклучувајќи ги и обемните материјали од многуте наши онлајн средби, ќе продолжат да инспирираат и покреативни и иновативни граѓански акции и кампањи во борба против доминантните наративи и коруптивни практики. Убедени сме дека оваа динамична мрежа на страствени и креативни застапници, креирана во рамките на оваа иницијатива, ќе најде други начини за уште поиновативни и ефективни акции со кои ќе ги предизвика постоечките локални или регионални култури и дека ќе продолжи да промовира внатрешна и меѓурегионална соработка. Што се однесува до мрежата на Фондации отворено

општество – веруваме дека лекциите што ги научивме може да информираат и да инспирираат идни кампањи и мрежни активности за застапување, вкоренети во капиталот креиран со овој вид дела на меѓурегионална соработка.

Искуството претставено во оваа публикација е само мал дел од богатиот опус дела креирани во рамките на оваа иницијатива. Уште поважно, постои немерлив степен на учење за радоста при човечките средби и за солидарноста, што не може да се изрази со зборови. Веруваме дека ова е и дел од наследството на оваа иницијатива и дека ќе продолжи да го храни духот, работата и животите на сите оние кои беа дел од патувањето на секое ниво од спектарот.

Благодарни сме им на сите што дадоа свој придонес во оваа иницијатива.

ТЕОРИЈА НА ПРОМЕНИ ЗА КРЕАТИВЕН АКТИВИЗАМ*

Стивен ДАНКОМ
Директор на истражувањето на Центарот за уметнички активизам и професор по медиуми и култура на Универзитетот во Њујорк

* Овој есеј е адаптација на поглавјето од книгата *Æffect: The Affect and Effect of Art and Activism* (*Æфект: Афектот и ефектот на уметноста и активизмот*), на Стивен Данком, Fordham University Press, планирано за објавување во 2022 година.

Кај уметноста, луѓето доаѓаат да видат што се случува, а не да чујат говори или некој кој зборува. Тоа е вистината, гледаме! Таа зборува, комуницира без говорење.

—

Махамаду Чело Диало,
учесник на Регионалното креативно јадро

Суштината на која било практика што се стреми да остави трага е теоријата на промени. Теоријата на промени, иако звучи мошне комплицирано, е всушност мошне едноставна: таа претпоставува дека промената навистина се случува, и тоа со причина. Сепак, поимот „Теорија на промени“ има собрано многу багаж. Честопати зборуваме за неа како да говориме за иста работа, а најчесто не е така, и како да знаеме за што се зборува, иако понекогаш и не знаеме. Теориите на промени понекогаш се експлицитни, на пример кога програмски службеник на НВО изготвува службен извештај и треба да објасни како точно одредена програма ќе го создаде пожелниот исход. Но, понекогаш теориите на промени се поимплицитни, што најчесто е случај во области како што е креативниот активизам, каде што многу се прави преку чувствување и искусување, а помалку преку теоретизирање и артикулирање. Интервјуата со учесниците на Регионалните креативни јадра (Regional Creative Hub) што следуваат се обид да се земат овие главно имплицитни теории на промени и да се прикажат експлицитно. Меѓутоа, пред да ги разгледаме овие различни приоди, треба да сфатиме дека тие можеби имаат и нешто заедничко.

Во коренот на креативниот активизам лежи ангажманот со културата, како 1) социјална средина во чиишто рамки функционираат креативните активисти, 2) креативна форма што ја создаваат со својата интервенција и 3) поле на моќта каде што се надеваат дека ќе имаат првично влијание (разбирање на тоа дека е неопходен пресврт во културата за да се случи промена на планот на стратегијата, политиката, институцијата итн.). Културата е нешто универзално за луѓето – сите ние ја создаваме и живееме во неа. Но, културата е, сепак, нешто поединечно зашто сите ние живееме во рамките на различни култури. Како што објаснува Маја Калафатиќ во своето интервју, не мора да значи дека креативната интервенција што е успешна во Србија ќе биде успешна и во Словенија, бидејќи, како што истакнува Рецина Самбоу (Regina Sambou) во случајот на Гана и Гвинеја, културата на секоја држава е различна. Па дури и во рамките на една држава – како Гвинеја – она што функционира добро во еден регион не мора да функционира во друг, како што нѐ потсетува Махамадо Чело Диало (Mahamadou Cellou Diallo). Културната специфика е клучна за креативниот активизам.

Оттука, логично е дека теориите на промени поврзани со креативниот активизам, исто така, ќе се разликуваат во зависност од контекстот и од практичарот. Токму на ова ниво – случај по случај – често дискутираат НВО, финансиерите, организациите, па и самите креативни активисти. Тоа е логично, бидејќи она што ги интересира креативните активисти и оние кои ги поддржуваат е посебна стратегија која ќе донесе промена за дадено прашање, во дадено време и на дадено место. Но, она што недостига во сето внимание посветено на посебноста и на специфичноста е *општа* теорија за тоа како воопшто функционира креативниот активизам. Што го прави креативниот активизам посебен? Кои точки на интервенција имаат најголемо влијание? Зошто културата и креативноста се важни за воопшто да се случи промената? За да можеме да одговориме на овие прашања, треба да направиме чекор наназад од очигледното и контекстуалното и да развиеме сеопфатен модел со кој ќе ја разбираме општата теорија на промени.

ИДЕАЛИСТИЧКИ И МАТЕРИЈАЛИСТИЧКИ ТЕОРИИ НА ПРОМЕНИ

Традиционално, има две школи кога станува збор за теориите на промена: *идеалистичка* и *материјалистичка* (подоцна ќе додадам и трета). Во секојдневниот говор, идеалист е некој чијашто глава е во облаци, сонувач кој не е загрижен за практичните работи во животот, додека материјалист е човек опседнат со световни работи, често пари, имот и предмети. Меѓутоа, поимите *идеалист* и *реалист* имаат специјалистичко – а сепак поврзано – значење кога станува збор за теориите на промени. Една идеалистичка теорија на промени тврди дека луѓето реагираат за да предизвикаат промена преку моќта на идеите. Развиваат идеја за тоа што не чини во општеството, онакво какво што е, идеја за тоа како би можело да изгледа подоброто општество и што треба да се стори за да се случи тоа. Потоа, оваа идеја ја применуваат на материјалниот свет за да ги сменат работите, како што се: политичките системи, институциите, политиките и другите видови структурна моќ. Визуелно, идеалистичката теорија на промени би изгледала вака:

При што промените на идеите водат до промена на материјалниот свет.

Трагите на оваа идеалистичка теорија може да се видат во многу проекти опишани понатаму. Јета Пера (Jeta Pera), која работи со „рециклисти“ од ромска и египетска припадност во Албанија, кои се малтретирани од властите додека се трудат да си ја обезбедат живејачката, објаснува како нејзините креативни интервенции биле насочени кон „подигање прав“ и „огласување на алармот“ за јазот во световите на овие две заедници со оној на политичарите и функционерите коишто ги смислуваат и спроведуваат политиките за управување со цврстиот отпад. Според оценката на Јета, оваа промена на идеи е неопходна за „правење јавен притисок врз институциите одговорни за решавање на овие социјални проблеми“. Но, оваа – на прв поглед – едноставна и директна идеалистичка теорија на промени, со креативниот активизам на Јета веднаш станува комплицирана. Нејзиниот проект не е само поставување и објавување идеја, туку бара инсталација на визуелни реквизити и креативна примена на иронијата како начин за визуелна и изведувачка комуникација на диспаритетите на богатството и моќта вградени во економско-политичките структури. Идеите што таа сака да ги пренесе на својата публика се оние кои произлегуваат од реалниот живот на рециклистите на отпад и на политичарите, а нејзиниот креативен активизам, на некој начин, овие услови ги „прави експлицитни“. Ова нè води до вториот заеднички начин на сфаќање на промената - материјалистичката теорија.

Материјалистичката теорија на промени ја превртува на глава идеалистичката теорија. Наместо идеите, она што ги придвижува луѓето кон промени се материјалните услови во коишто тие се наоѓаат. Луѓето реагираат на својата средина и притоа генерираат идеи, вклучувајќи и идеи за општествени промени. За да се визуализира една теорија на промени, само се менува причинско-последичната насока, како на пример:

При што промените на материјалните услови предизвикуваат промени на идеите.

Сепак, за да се сменат материјалните услови, мора темелно да се разбира суштината на она со што работиме. Ова важи за современите креативни активисти кои дејствуваат во рамките на сложени структури на моќ, како што важеше и за првобитниот човек кој ги запознаваше првите огнови. Зборувајќи за својата новинарска обука, првата работа што ја прави Махамаду (Mahamadou) во групата во Гвинеја е она што тој го нарекува „фаза на истражување“. Тој ја објаснува оваа фаза: „Прво треба да знаете што е проблемот, што го предизвикува, кои се последиците, како и кои се жртвите од него.“ За да изготвите влијателна интервенција, исто така, треба да ги знаете местата каде што се јавува корупцијата, за да ја придвижиле акцијата на тие места. Махамаду продолжува: „Добро е да се работи [креативен активизам] онаму каде што се случува корупцијата. Ако е на пазарот, добро е да се направи на крајот на пазарот. Ако се случува во некое министерство, мора да се направи пред самото министерство.“ Со други зборови, ако сакате да се борите со корупцијата на пазарот или во министерството, интервенцијата мора да започне во реалната околина.

Овие теории на општествени промени се она што социјалните научници го нарекуваат „идеални видови“ – аналитички категории што се користат за издвојување и категоризирање на нередот во реалниот свет. Меѓутоа, во нередот на животот, идеалистите ја признаваат моќта на материјалното. Конечно, вредноста на идеите е во моќта што овие идеи ја имаат врз трансформацијата на материјалната реалност. Јета нагласува дека обидот за „отворање на прашањето“ значи „правење јавен притисок врз институциите“. И најтврдоглавите материјалисти веруваат дека луѓето не реагираат само на материјалните услови, туку дека водат *интеракција* со материјалните услови и дека тоа ја прави дејноста свесна и креативна, поради што „истражувачката фаза“ на Махамаду е толку критична. Така, наместо цртање еднонасочни стрелки што ги прават доминантни идеите или материјалните услови, покорисниот модел би можел да изгледа вака:



При што идеите и материјалните услови се меѓусебно зависни и секоја трпи влијание од другата.

Идеите и материјалните услови не се обични природни сили. Идеите не паѓаат од небо, тие се резултат на човековото дејствување, односно *мислење*. (Дури и оние кои веруваат дека идеите не се божествена инспирација, сметаат дека луѓето се тие кои активно ги артикулираат низ зборови, слики и звуци, а потоа ги комуницираат со другите.) Слично, иако материјалните услови се надвор од луѓето, нашиот однос со нив не е пасивен. Секогаш реагираме внатре и на материјалните услови, односно постојано *правиме* нешто (дури и кога „природниот свет“ е главно производ на човековото дејствување заради издвојување на зачувувањето). Човековата *агентура* е клучна за разбирањето на општествената промена.

Мислењето и правењето, како и неопходната меѓусебна интерконекција, се основата за тоа како Игор Илиевски го опишува својот проект на изложување и драматизирање на корупцијата во Северна Македонија. Игор објаснува дека неговата работа како новинар е да пренесе идеи, честопати поврзани со материјалните услови. Но, тој, исто така, ги сфаќа и ограничувањата на ваквата традиционална практика. „Има толку многу стратегиски документи и НВО кои заземаат ставови“, рече тој, „но во оваа фаза, нивното влијание е ограничено. Општествата насекаде се заситени со безначајни и празни политички прокламации. Сите чуле за климатски промени, за опасноста од екстремизмот и радикализмот итн., но по извесно време тоа се само клучни зборови“. Сè додека идеите остануваат апстракции, тие имаат мало влијание. Како креативен активист, тој ги истражува начините за пренесување идеи што „провоцираат реакција и ги тераат луѓето да преземат нешто“. Игор поттикнува активно *мислење* што води до *правење*. На сличен начин, Едиса Демиќ, критикувајќи ја заедничката општествена практика на поткупот во Босна и Херцеговина, преку стрипови, мурали и изведби ја објаснува важноста на *активноста* што, се надева, ќе ја предизвика нејзината интервенција. „Над сè“, истакнува таа, „наша цел беше да ги повикаме луѓето на *акција* – да ја подигнеме свеста и да побараме од нив да бидат одговорни, а не пасивни, при предизвикувањето на корупцијата во нашето општество... сакавме луѓето да ги знаат следните чекори што можат да ги направат... и како можат да се ангажираат“. Овде е важно тоа што за Едиса „подигнувањето на свеста“ за корупцијата е поврзано со „повикот [увањето] на луѓето на акција“ за да се сменат институциите. За обајцата, Едиса и Игор, како и за другите учесници во овој проект, до промена не водат апстрактните „идеи“ или „материјалните услови“, туку луѓето кои *размислуваат* за идеи и кои прават нешто со своите материјални услови. Дијаграмот кој го вклучува овој неопходен аспект на човековата агентура изгледа како сликата подолу:



При што луѓето, преку тоа што го *прават* во и на материјалната средина, *смислуваат* идеи и идеали. Потоа, ова *смислување* го насочува она што ќе го *прават* и како ќе го прават. Ова правење го обликува нивното размислување, мислењето го обликува она што го прават итн. до бесконечност (ad infinitum).

ЕМОЦИИТЕ КАКО ДОДАТОК

Досега ги разгледавме двете главни теории на промените - идеалистичката и материјалистичката, но она што недостига е неопходната компонента на креативниот активизам - емоциите. Разбирањето на моќта на емоциите за кое било сфаќање на општествената промена е суштествено бидејќи луѓето се мотивирани да се однесуваат политички, не само преку когнитивно резонирање или некаква физичка реакција на материјалните околности, туку затоа што тие ја *чувствуваат* потребата за промена. Како што укажува обучувачот и научникот Маршал Ганц (Marshall Ganz), луѓето се мотивираат да предизвикаат промени со помош на емоционално моќни стимуланси, независно од тоа дали станува збор за љубов, омраза, страв, надеж или сочувство.[1] Научничката за социјални движења, Дебора Гулд (Deborah Gould), елаборира:

> „Идеите за потребата од промени и движењето кон нејзино остварување најчесто почнуваат со неартикулирано чувство и со чувство што не може да се артикулира за тоа дека во воспоставениот ред нешто не е баш како што треба. Со сигнализирањето дека нешто е изместено, дека работите би можеле и, можеби, треба да бидат поинакви, афективните состојби може да поттикнат предизвици за општествениот поредок.“[2]

Сознанието за општествената моќ на „афективните состојби“ е уште позначајно кога имаме работа со *креативен* активизам кој за техника се повикува на уметностите: изведувачките, визуелните или музичките. Моќта на уметноста е да стимулира емоции, генерирајќи силни чувства кои многу често не можеме сосема да ги разбереме или објасниме. Оваа способност да се генерира *афект* е движечката сила зад идеологијата и материјалниот *ефект* на креативниот активизам. Едноставно кажано – уметноста нè придвижува!

На пример, Нана Акосуа Хансон (Nana Akosua Hanson) и Маја Калафатиќ (Maja Kalafatić) ја разбираат емпатијата како важен елемент при решавањето на корупцијата. И за двете, уметноста е важен начин на манифестирање на таа емоција. Акуса работи со млади во Гана и користи колективна и уметничка креација на билборд, како и изведувачки настап како средство за создавање – како што го нарекува таа – „простор за емпатија“, што е суштинско при креирањето „состојба на емпатија“, која – според неа – може да ја победи корупцијата. Слично како и Акуса, Маја објаснува дека целта на нејзината креативна интервенција во Србија – каде што настапувачите со гестови на љубезност им нудат столови или шишиња со вода или услуги на пазарење на луѓето кои стојат во ред за да добијат административни и, честопати, корумпирани услуги – беше да генерира длабоко чувство на емпатија од страна на другите во општеството. „Ако има повеќе емпатија, има помалку корупција“, резонира Маја.

Кога Рецина за својот проект вели дека „на емотивно ниво, исто така, сакавме да ги натераме луѓето да сонуваат“, таа сака да ја долови важноста на емоционалниот аспект на теоријата на промени. Соништата – за свет без корупција, на пример – не се размислуваат толку многу, ниту пак физички се доживуваат, бидејќи се нешто што луѓето го *чувствуваат*.

1 — Marshall Ganz, “Public Narrative, Collective Action, and Power,” in *Accountability Through Public Opinion: From Inertia to Public Action*, ed. Sina Odugbemi and Taeku Lee (Washington DC: The World Bank, 2011), 273-289.
2 — Deborah Gould, “On Affect and Protest,” in Political Emotions, ed. Janet Staiger, Ann Cvetkovich, and Ann Reynolds, (NY: Routledge, 2010), 32.

(Тоа е една причина зошто по будењето соништата тешко се искажуваат со зборови.) Како такво, Чувството е дел од она што го чини и насочува човечката агентура, како што се и Мислењето и Правењето. Според материјалистите, првиот човечки чин е да се произведат средствата за опстанок, но палиме оган затоа што *чувствуваме* неудобност. За идеалистите, на почетокот постоеше Зборот, но слушаме затоа што *чувствуваме* дека има нешто нам да ни каже. Со други зборови, и материјалните услови и идеите се доживуваат афективно, исто како што се доживуваат телесно и когнитивно. Со оглед на тоа дека Емоцијата е еден вид фаза меѓу Идеалот и Материјата, таа може да се илустрира слично како на сликата подолу:



Додека дејствуваме внатре и реагираме на материјалните услови, доживуваме емоции и развиваме чувства. Потоа учиме како да ги мислиме овие чувства како идеи и да ги претставиме преку уметностите, филозофијата, религијата итн., како идеали за она што го чувствуваме како важно и вредно како општество. Потоа, овие културни идеали нè насочуваат и мотивираат или, поточно, нè стимулираат да се *чувствуваме* мотивирано – за да ги промениме нашите материјални услови, по што кругот повторно се врти.

ТЕОРИЈА НА ПРОМЕНИ НА КРЕАТИВНИОТ АКТИВИСТ

Моделот погоре ги одразува трите примарни сили на промената и нивните меѓусебни односи, но сè уште не е корисна теорија на општествената промена. За да стане корисна за студијата и за практиката на креативниот активизам, треба да ги пронајдеме точките на притисок: оние места и простори каде што интервенира креативниот активизам за да предизвика промена. Овде е и предноста на еднонасочните модели на Материјалистот и Идеалистот – тие нудат јасна насока. Ако се држиме до материјалистичката теорија на општествените промени, тогаш точката на интервенција е како и нивото на материјалните услови: Зграпчете ги фабриките! Од друга страна, еден Идеалист, би ги нагласил создавањето и дисеминацијата на идеи: Преземете ја контролата врз медиумите! Но, каде се наоѓа влезната точка на креативниот активизам?

Почнувајќи со идеја за промена, креативниот активист ѝ дава форма на оваа култура на идеали со помош на креативните изразувања. Правејќи го тоа, тој апстракцијата ја

претвора во естетско доживување што може да генерира чувства. Токму овој процес го опишува Рецина кога вели: „тоа е како ние да бевме луѓето што живееле таму, кои точно ги знаеле локалните проблеми и биле во можност да го материјализираат истото“. Преку својот креативен активизам, Рецина и нејзиниот тим можеа да земат една идеја – „локален проблем“ – и да ја „материјализираат“ преку драмски настап на јавен пазар. Оваа трансформација на идеи во креативен културен израз е важна. За разлика од новинскиот напис, извештајот или законскиот текст, креативниот активизам не комуницира само идеи, туку генерира и емоции, и токму оваа анимација на идеи преку емоции е тоа што ги мотивира луѓето кон дадената акција. Како што објаснува Игор: „Не се работи само за пренесување информации, туку акцентот се става на промоцијата на акцијата која поттикува ангажман за даденото прашање“.

Ова не е единствениот процес на промени. Креативниот активизам може, исто така, да започне со доживеано искуство. Тогаш, креативниот активист го зема искуството и му дава културен израз – со нагласување, концентрирање и дефинирање на чувствата евоцирани од искуството. Махамаду тоа го опишува на следниов начин: „Тоа е како начинот на кој [луѓето] се гледаат на реалноста, како се наоѓаат себеси во таа реалност и како тоа ги допира“. Тоа е она што Маја го создава со нејзиното „мобилно гомно“, давајќи им мрсна – и смрдлива – форма на искуствата што произлегуваат од општинската корупција. Истото го прави и Едиса со прераскажување, во форма на стрип, на заедничките искуства со корупцијата во болниците, училиштата и во правните системи, откривајќи „колку те прави [корупцијата] да се чувствуваш мал“, но исто така покажувајќи дека „истата ќе биде смалена и поразена ако сите се држат заедно“. Тогаш ова естетско искуство создава нови сфаќања, перспективи и визии, односно нови идеи и идеали.

Во основа, интервенцијата на креативниот активист се појавува некаде меѓу идеите и емоциите и меѓу емоциите и материјалните услови:



Процесот функционира вака некако – можеме да започнеме со нашата средина, која вклучува корумпирани училишта, распаднати општински проекти, патишта што биле финансирани, но никогаш не биле асфалтирани итн. Тоа се „материјалните улови“ во коишто живееме. Живеењето е активно – тоа е правење, а бидејќи сме емотивни суштества, живеење се и нашите чувства за она што го правиме и за она што ни го прават нам. Тоа е една

од точките за коишто креативниот активизам може да има интервенција. Уметничкиот активизам може да ги кристализира чувствата што во форма на култура произлегуваат од материјалното искуство, за да бидат претставени, признати, генерализирани... и комуницирани. Доловувањето и комуницирањето на чувствата го овозможува нивното изведување во идеи и идеали за коишто може да се размислува и, конечно, да се реагира на нив.

Овој ист процес можеме да го анализираме и од гледна точка на идеите. Човечките суштества се субјекти кои прават и чувствуваат. Но, ние сме, исто така, и мислители: го критикуваме светот и создаваме идеали за светот што сакаме да го видиме. Ова е уште едно место каде што креативниот активист може да интервенира: естетската расправа за овие идеи и идеали преку креативни интервенции, како драмски изведби, музички сесии и визуелни спектакли. Давајќи им форма на култура на овие идеи, креативниот активизам ги трансформира апстрактните идеи во естетски искуства што може да се почувствуваат. Овие чувства, пак, мотивираат акции внатре и врз материјалниот свет.

Сега имаме општа теорија на промени за креативниот активизам, но тоа е само тоа - *теорија*. Во практиката, креативните активисти на проектот на Регионалните креативни јадра интервенирале во различни точки на моделов – некои нагласувајќи ја анимацијата на идеите во доживеани искуства, а други започнувајќи со искуства пред да ги трансформираат во почувствувани идеи. Сите учесници во овој проект ги обликувале своите проекти според (или ги направиле да наликуваат на) локалните убедувања, практики и култури. Сепак, теориите се важни. Преку теоретизирање за тоа како функционира практиката учиме како таа подобро да функционира, а имањето теорија за промени за креативен активизам ни овозможува да создаваме поафективни и ефективни или *аефективни* интервенции кои имаат поголема веројатност да донесат промена.

© RCH: „Sans Gazer", Guinea, 2021

01

01
© РКЈ: „Непријател на народот“, Албанија, 2021

02
© РКЈ: „Слобода на реките“, Босна и Херцеговина, 2021

03
© РКЈ: #MakeWeTalkMatter’21, Гана, 2021

04
© РКЈ: „Уметничко-активистички проект против корупцијата (ПААК)“, Сенегал, 2021

05
© РКЈ: Работилница за уметнички активизам „Moon Girls“, Гана, 2021

06
© РКЈ: „Ветување до Вашиот херој“, Албанија, 2021

07
© РКЈ: „On My Own“, Босна и Херцеговина, 2021

08
© РКЈ: „Креативен анти-корупциски аларм“, Албанија, 2021

roto

GT
346-14

On n'hérite pas de la terre de ses parents on l'emprunte à ses enfants.
Senghor

PAAC

believe
m still
rotesting

Korrupsioni në
PANDEMI...

СТУДИИ НА СЛУЧАЈ

ЗАПАДНА АФРИКА

Нана Акосуа Хансон (Гана)
Махамаду Чело Диало (Гвинеја)
Оуми Рецина Самбу (Сенегал)

ЗАПАДЕН БАЛКАН

Едиса Демиќ (Босна и Херцеговина)
Игор К. Илиевски (Северна Македонија)
Јета Пера (Албанија)
Маја Калафатиќ (Србија)

СТУДИИ НА СЛУЧАЈ
ЗАПАДНА АФРИКА



ГАНА

Нана Акосуа Хансон

ГВИНЕЈА

Махамаду Чело Диало

СЕНЕГАЛ

Оуми Рецина Самбу

© Elorm Richards

НАНА АКОСУА ХАНСОН

Нана Акосуа Хансон е креатор на возбудливиот филозофски серијал графички новели од Гана, „Moon Girls“, кој ги следи авантурите на африканските квир-суперхерои кои се борат за Африка без корупција, без патријархат, без наследства од ропството, без колонијализам и без неоколонијализам. Со своето 12-годишно искуство како уметнички активист, Акосуа Хансон верува во моќта на уметноста и уметничкиот израз во промената на светот. Исто така, таа работи како радиоводителка во урбаната радиостаница Y 107,9 FM во Акра. Акосуа одржува работилници за уметнички активизам во Акра - за уметници, активисти, новинари, бранители на човековите права и борци за социјална правда.

Работилницата за уметнички активизам „Moon Girls“ беше дизајнирана да ги обучи бранителите на човековите права, активистите, уметниците, новинарите и сите кои имаат страст за општествени промени на методологијата за користење на уметничкиот активизам во движењата за социјална правда. Оваа работилница беше 7-дневна обука со лично присуство, која опфаќаше различни движења за социјална правда: слободни и фер демократски процеси, борба против корупцијата, права на жените, права на LGBTQI+, корупција и деградација на животната средина, еднаквост и социјална вклученост, уметност, африканска историја, итн.

Преку јавен повик и директни покани до организациите за човекови права, уметниците, активистите и новинарите во заедницата да аплицираат, беа избрани 9 учесници. По работилницата, учесниците беа поделени во две главни групи, кои ќе извршат две акции во заедницата. Едната група го презеде проектот „Лов на пластика“, со цел да се започнат разговори за штетноста на пластиката во нашата средина со употреба на сатирична уметност. Оваа група постави билборд со сатирична уметност на пазарот каде што има голем проток на луѓе. Втората група реагираше на корумпираното бришење на придонесите на жените во борбата за независност во историјата на Гана, преку едукативна работилница во вишото средно женско училиште.

Кажете ми нешто за себе, за вашите пасии и за вашата работа.

Отсекогаш сум била многу страсна личност. Почнав да ја објаснувам мојата страст преку уметноста, конкретно преку поезијата и креативното пишување, за на крајот да се најдам и во театарот и во актерството. Како што растев, така почнав да се развивам и во сите други форми на уметноста. Во суштина, отсекогаш сум била идеалист. Моето застапување за уметноста стана активизам. Мојата страст е уметноста и претпоставувам дека причина за сето тоа што го правам е моето срце – мојата филозофија, моите вредности и сите работи што ги правам за општото добро. Затоа сум активна во заедницата.

Ако зборувам за мојата работа, ќе кажам дека јас сум медиумска личност. Работам како радиоводител на Y Lounge на YFM, со седиште во Гана. YFM е урбана радиостаница за млади [фокусирана на] култура, музика, забава, младински теми и младински социјални прашања. Покрај тоа, моментално работам и како шеф за култура на Alliance Française во Гана и како креатор на „Moon Girls“, која е основана како млада компанија за производство на графички новели „Moon Girls“.

Кои се политичките прашања што најмногу ве поттикнуваат?

Јас сум феминистка, така што сè што правам е поттикнато од феминизмот и борбата против патријархатот, во сите негови облици. Конкретно, работам на теми поврзани со силувањето и доброволниот секс, како и на теми поврзани со сексуалното насилство. Сфатив дека во тековните програми во училиштата нема сексуално образование и дека властите од неодамна, како што видовме, активно се обидуваат да го прекинат сеопфатното сексуално образование во училиштата, поради други фанатични причини. Сфатив дека во училиштата нема здраво и целокупно сексуално образование, па ја започнав оваа програма со работилницата „Ајде да зборуваме за доброволен секс“, која е основа на родот и родовата теорија за културата на силување и културата на доброволен секс. Ние ги водиме овие работилници (во средните училишта, на универзитетите и на јавните простори), кои се основани врз база на други работи, како што се активизмот за сексуални малцинства и активизмот против хомофобијата во Гана.

Конечно, уметноста стана центар на таквото дејствување, бидејќи сфатив дека уметноста е голем простор за културно образование кое го наоѓате тогаш кога имате работа со заедници задушени од патријархатот. Поради погрешното образование и предрасудите што се учат од раѓање, тоа е како често да удирате во ѕид од тули. Ја користиме уметноста како бегство, како место за имагинација, за кажување на вистината и за саморефлексија.

Можете ли да ми дадете општ опис на вашиот проект?

Првиот дел беше направен преку серијата графички новели „Moon Girls“. Покренавме разговор за корупцијата, користејќи го медиумот на дигитални графички новели, визуелна слика и текст, како и социјалните медиуми, а потоа одржавме работилница за уметнички активизам. Тоа беше една недела во која го проучувавме уметничкиот активизам, затоа што уметничкиот активизам е релевантен, особено во овие времиња, кога нашата демократија и човековите права се оспорени, а придобивките што беа постигнати се одземени.

Учесниците воспоставија свој специфичен проект – еден за подигнување на свеста за загадувањето на животната средина со пластика и друг за подигнување на свеста за она што го нарекуваме „образовна корупција“ или „историска корупција“, каде што жените се избришани од историјата што ја раскажуваме во Гана, за тоа како ја освоивме нашата независност. Четирите мајки на нашата нација се исклучени од нашата историја, а како последица на тоа има насилство врз жените, односно бришење на жените од историјата.

Како би го претставиле односот меѓу проектот што го направивте и историскиот општествено-политички контекст во кој работите?

Гана се смета за мирен светилник на демократијата. Сепак, во реалноста Гана е држава која се дави во корупција и во која постојано се кршат човековите права, главно од страна на религиозните фундаменталисти кои пропагираат омраза и имаат огромно влијание врз општествените норми, како и врз уставните реформи и закони и врз правните реформи. Ова е средина во која се поттикнува насилството врз жените и сексуалните малцинства. Важноста на еден ваков проект е во тоа да им покаже на другите активисти нови и поиновативни начини на активизам, на места каде што лесно може да ве затворат или да мора да се соочите со некаков вид злоупотреба или насилство, затоа што се залагате за она што е правилно. Некои учесници на работилниците се и раководители на сопствени организации, а некои се активисти, па затоа обуката на овие луѓе беше одличен начин да се натераат да размислуваат за проблемите во нашата земја и за тоа како тие можат да ги решат, како и за тоа како би изгледала промената и како да се измери напредокот.

Според вас, како контекстот во кој работите влијаеше врз начинот на кој го направивте вашиот проект – дали тоа е медиумот што го избравте, јазикот кој го користевте со учесниците или референците со кои се служевте?

Бидејќи работев со африкански активисти, дефинитивно морав да контекстуализирам голем дел од содржината на наставната програма за африканската публика. Ги извадив референците од Гана за да дадам пример од пријателите на уметничкиот активизам во историјата. Исто така, направив некои истражувања за подобрување на работилницата, во обид да го добијам најдоброто искуство, односно учесниците да стекнат најдобро искуство, така што кога ќе ја поминат работилницата, тие ќе бидат целосно зајакнати со вештините кои сакаа да ги имаат кога ќе излезат во заедницата и ќе ја вршат својата работа.

Исто така, вклучив и етика во наставната програма за активизмот во заедницата, што беше особено важно за мене, бидејќи бев во заедницата со активисти од Гана и бев сведок на многу злоупотреби на етиката и на интегритетот, дури и во активистички простори, што - само по себе - е огромно насилство. Луѓе кои тврдат дека се активисти на одредена група, честопати ненамерно ја загрозуваат, обидувајќи се да ја заштитат. Значи, вклучувањето на тоа во мојата наставна програма беше многу важно за мене, па дури беше и многу африкански. Водам вежба за вредностите, за интегритетот и за африканските културни приказни, за тоа што всушност покажува африканската филозофија за идеи за етиката и за угнетувањето во заедницата, за тоа да се биде корисен, да се придонесува и да се биде продуктивен и активен граѓанин во заедницата, за да не ја направите штетата против која се борите.

Каква е вашата историја со работата што ја работевте во проектот и како дојдовте до идејата за вашиот проект?

Ова го правам од 16-годишна возраст, кога ја започнав „Drama Queens“ и почнав да ги користам театарот и другите уметнички форми за да ја отворам темата, во обид да направам вирална промена. Решив да ја користам графичката новела „Moon Girls“, како мој проект, кој го избрав затоа што на тоа работев една година и сакав да се вклучам во таа публика за да можам да ја отворам темата. Исто така, употребата на дигитални графички новели за активизам се нема случено досега, барем не во Гана. Има графички новели, има стрипови, но спецфични дигитални графички новели кои се насочени кон уметничкиот активизам... тоа сѐ уште не сум го видела. Сакав да го пополнам и тој простор, но кога се појави КОВИД, сѐ се премести на интернет и тоа стана многу разумна одлука.

Која беше вашата примарна публика и какви беа интеракциите со неа?

Моја примарна публика беа младите Африканци и нашите интеракции главно беа преку социјалните медиуми и преку нашите дигитални веб-страници. Графичките новели ги објавуваме онлајн, на веб-страница, а потоа избираме конкретни извадоци за нашиот Инстаграм и за нашиот Твитер, за да започнат разговори. Работилниците беа објавени на социјалните мрежи, а беа поканети и активистички организации во заедницата. Се обидов да добијам група од 8 луѓе кои имаат различни вештини или различна мотивација и вредности, различни проекти на кои работат за да можат да го создадат тој простор за заемно споделување.

Според вас, кои се целите на овој проект во однос на политичкото и емоционалното влијание?

Пред сѐ, мојата цел во овој проект беше да научам, да научам од луѓе кои го прават тоа подолго од мене, односно од луѓе кои имаат практично искуство, за потоа да можам да се поврзам со други уметнички активисти кои работеа на истата работа надвор од круговите на кои бев навикната... Беше прекрасно што ги запознав и дознав дека постои оваа глобална мрежа на иницијатори на промени кои се исто така страсно навлезени во работата. Мене тоа ми даде поголема политичка сила и, во таа смисла, дополнително го зајакна мојот политички мотив за промена во општеството, за охрабрување на африканското општество ослободено од патријархатот, од кршење на човековите права и од насилството.

Дефинитивно, чувствувам дека пораснав во мојата перспектива: чувствувам поголема потврда на она што го работам и, уште повеќе, ја чувствувам релевантноста на тоа што го правам и зошто го правам. Уште повеќе се радувам поради фактот дека не сум единствената во ова и дека е одлично да се дознае дека и другите луѓе имаат слични проблеми, но во поинаков контекст. Значи, дефинитивно, емоционален раст, емоционална експанзија, експанзија на вештини, експанзија на умот... Тоа е она за што мислам дека е многу корисно на долг рок за мојата земја и за мојот континент, затоа што верувам дека сите треба да бидеме активни, а не пасивни граѓани.

На кои начини вашиот проект ги постигна целите што си ги поставивте? Со какви неуспеси се соочивте?

Дел од работилниците беше успешен, во смисла на тоа дека имавме 8 до 9 учесници кои и самите беа многу битни во нивните заедници, па беше одлично сите тие да

бидат заедно една недела на исто место, споделувајќи информации и размислувајќи на она што го прават. Направивме евалуација на учесниците пред и потоа, а повратните информации што ги добивме од учесниците беа многу позитивни – тие го потврдија растот, експанзијата и вештините по завршувањето на работилницата.

Што се однесува до неуспесите, се обидовме да задржиме онлајн канал за луѓето кои сакаат да ни се придружат. Сепак, тоа беше тешко поради проблемите со интернетот на целиот континент. Така, луѓето се обидоа да се приклучат од други делови на континентот, но дел од нив не можеа да останат во текот на целиот настан. Со овие проекти, јас сè уште се обидувам да најдам начин и да создадам акција или серија акции што би воделе од свесност до промена на однесувањето во вистински идентитет, но мислам дека сè уште не сум стасала дотаму. Ја чувствувам како работа во тек.

Како гледате на врската меѓу креативниот процес на активизам и создавање општествени промени?

Уметноста има начин како да стаса подалеку од она што го гледаме како пречка или како премногу тешко за надминување. Уметноста е активност што ги доведува луѓето во состојба на емпатија. Уметничкиот активизам ви го дава тој простор за емпатија, а употребата на тој простор за едукација ви дава можност за размислување и ви овозможува да си играте со тие делови од умот, каде што честопати сте заробени од страна на предрасудите на кои сте биле изложени од раѓањето. Понекогаш тоа се најголемите бариери против промените, каде што нечии верувања, кои всушност не се факти, се сметаат за факти и затоа личноста станува штетна и насилна во општеството. Уметноста дава можност да го отстраните тоа... малку ве протресува и, ако малку ве протресе, тоа е сè што ви треба! Потоа ви укажува на тоа дали е можно да се разниша - не се работи за факт, туку за уверување – тоа е програмирањето. Ја сакам моќта што ја дава уметноста, зашто на овој начин таа создава општествени промени.

Какво беше вашето искуство од работата со учесниците? Дали бевте задоволна со тоа како соработуваа и што научија?

Имавме процес на селекција што произлезе од јавниот повик за апликации преку социјалните мрежи. Директни покани беа упатени и до организации за човекови права, уметници, активисти и новинари во заедницата. Селекцијата беше направена врз основа на потребата на работилницата за споделување вештини, врз општата визија на апликантот (според описот во апликацијата), претходната историја на активности во заедницата, како и потребата од застапеност на различни луѓе и вештини.

Некои од нив спроведуваа уметнички акции без да бидат свесни за тоа, и тоа што беа дел од работилницата му даде значење на она што го работат. Исто така, дојде до поврзување на нивната работа со претходните историски примери на уметнички активизам. По работилницата, 71,4 % од учесниците во групата изјавија дека стекнале многу нови знаења, а 14,3 % од луѓето изјавија дека всушност стекнале нова перспектива - не само ново знаење, туку и нова перспектива.

Како, според вас, се промени вашата перспектива во текот на имплементацијата на вашиот проект?

Сфатив дека е многу тешко луѓето да се придвижат од свесност кон идентитет. Отсекогаш сум чувствувала дека треба да се направат низа акции и тоа никогаш не застанува тука. Треба да имате публика што ве следи извесно време за да може да ја изградите. Можам да ви дадам примери за луѓе кои го следеле мојот уметнички активизам од 2016 година, и примери за луѓе кои штотуку ја видоа првата акција што ја направив, како дел од оваа програма. Луѓето кои поминале низ театарските продукции што ги правев, луѓето кои дојдоа на работилниците, луѓето кои ги следеле моите социјални мрежи, луѓето кои ги читаат новелите...

Јас, лично, чувствувам дека многу пораснав како резултат на работилницата. Сега се нарекувам уметнички активист. Навистина, порано не се занимавав толку многу со етикатата, затоа што не знаев толку многу за неа. Мислам дека тоа, исто така, го изгради мојот јавен профил. Со преминувањето во позиција на споделување вештини, вие секогаш растете, бидејќи заедницата секогаш има потреба од повеќе луѓе со кои ќе ги сподели своите вештини.

Кога повторно би го правеле овој проект, што би направиле поинаку?

Дефинитивно би им дала повеќе време на моите акции, за да привлечат поголема публика и за да може да се забележи нивниот раст. Тоа што мора да спроведете акција и веднаш да известите, на некој начин го нарушува процесот што сакате да го доловите. Исто така, би обезбедила повеќе ресурси и време за следење на промената.

Заради концизност и јасност, интервјуто беше редактирано.

© Gustave Fall

ОУМИ РЕЦИНА САМБУ

Од 2017 година, Оуми Рецина Самбу е посветена на своите страсти за култура и за пишување преку панафриканската платформа AfriCulturelle, чиј основач и уредник е таа. Денес, покрај културната информативна веб-страница, AfriCulturelle е и агенција за комуникација која нуди неколку услуги поврзани со комуникација и организација на настани. Посветена на каузата на жените, таа е задолжена за комуникација со Ladies Club, онлајн платформа која води кампања за зајакнување на положбата на жените и развој на женското претприемништво.

Проектот на Рецина насловен „Проект на уметнички активизам против корупцијата“ (ПУАК), имаше за цел да обучи млади активисти, културни актери, новинари и блогери за инструментите за превенција и борба против корупцијата. Тоа е продолжение на нејзиниот претходен проект „Уметничка акциона академија“. Целта на проектот не беше само да се прошири знаењето, туку и да се зајакнат уметниците, активистите и новинарите, за да бидат поефективни во нивните напори да ги стимулираат луѓето да се вклучат во проекти за (анти)корупциските прашања и да се отворат перспективи за значајни синергии меѓу неколку теми и географски области.

Работилницата се одржа во текот на 7 дена во комуната наречена Лак Роуз, каде што има многу корупција во управувањето со земјиштето, како и земјишни спорови, а Сенегалците ја губат земјата под нозе. Таа покани еден од координаторите на Сенегалскиот граѓански форум, Бирахим Сек, да води модул за корупција, нејзината дефиниција и различните забележани форми во Сенегал. Исто така, го вклучи Чејк Фол, координаторот на Afritvist, да води сесија за граѓанско вклучување. На крајот од работилницата, учесниците изведоа уметничка акција во која имаше рап-музика, театар и танц.

Проектот овозможи Лак Роуз, запуштена туристичка област, повторно да дојде во центарот на вниманието. Активностите на ПУАК помогнаа да се зголеми посветеноста на жителите од областа во борбата против тековната корупција.

Можете ли да ни кажете малку за себе, за вашата пасија, вашата работа... Која сте вие?

Јас сум културен новинар и сестрана личност. Јас сум претприемач. Исто така, би рекла дека сум и уметнички активист - од моето учество во оваа програма, во декември 2019 година. Во моето секојдневие организирам многу настани и пишувам многу на платформите за микроблогирање кои сè уште ги одржувам. Имам многу хонорарна работа со моите различни медиуми. А сакам и да споделувам. Ова е една од моите големи пасии, бидејќи сметам дека кое било знаење што некој го има и си го чува за себе е бескорисно. Поентата е знаењето да се пренесе на што повеќе луѓе.

Можете ли да дадете краток опис на вашиот проект?

Мојот проект им овозможува на луѓето да откријат нова форма на борба која може да се користи во сите области. Овде станува збор за борба против корупцијата. Морав да изберам различни личности од повеќе полиња, што е можно поразновидни. Потоа направив избор на многу различни поединци, понекогаш сосема спротивни. За мене најголем предизвик е да се осигурам дека има одредена конзистентност, одредена хомогеност и дека тие можат ефективно да разберат што е уметнички активизам и како може да се користи во секојдневниот живот, почнувајќи од борбата против корупцијата. Избравме област во која Сенегал планира да создаде специјализирана економска зона - област која е туристичка база. Кога има државен проект од ваков вид, околу него секогаш има многу корупција. Значи, тоа беше нашата главна мотивација при изборот на локацијата.

Како сите луѓе да го чекаа тоа. Овој вид проект ги одврза јазиците. Ги постигнавме поставените цели. Далеку од вистината е дека целата криза беше само заради земјиштето. Нашиот проект навистина помогна, ги зајакна оние кои беа таму, особено во нивната борба за спречување на кражбата на земјиштето што се одвива во голем обем.

Што ве мотивираше да учествувате во програмата?

Оваа програма беше поврзана со една друга во која учествував во 2010 година. Еден месец следев обука во рамките на борбата против корупцијата, со задача да анализирам документи како новинар. Она што ме донесе на оваа работилница беше мојот статус. Сакав да бидам сигурна дека можам да зборувам за факти поврзани со корупцијата, да можам да судам врз основа на куп административни документи изработени од многу административни служби во нашата држава. Со оглед на мојот културен профил, на крајот од обуката многу разговаравме за потребата, да го ограничам проектот во областа на културата, бидејќи тоа би можело да има смисла.

Овој проект е инструмент за заземање став низ призма на културата. Разликата меѓу природата и културата се состои во тоа што природата е сè што е вродено, стекнато со раѓање, а културата е сè она што е во согласност со редот на законот (acquis). Оттаму, културата е апсолутно сè.

Која беше вашата главна публика? Каква беше вашата интеракција со неа?

Главно, барав мотивирани и посветени млади луѓе, кои беа ангажирани во борбата за добро владеење и кои беа општествено ангажирани во нивните заедници. Мојата друга публика беа оние кои се погодени од корупцијата во областа каде што планираме да дејствуваме. Нашата интеракција се случи на природен начин и иницијативата беше поздравена од публиката која ни беше целна група. Тие ги разбраа пораките што сакавме да им ги испратиме и го сфатија тоа како можност да ги зголемат своите напори во борбата против корупцијата и против грабежот на земјиштето во нивната област.

Можете ли да споделите информации за односот меѓу вашиот проект и историскиот, социјалниот и политичкиот контекст во кој работите?

Свесни сме дека во Сенегал има реален проблем со присвојувањето земјиште, особено во областите што ги имавме посочено во нашиот проект – првенствено во крајбрежните одморалишта, како Сали, односно местото каде што би имале најголемо влијание, на пример областа Ндајане, која е пристаниште за извоз на минерали. И не случајно имавме контакт од хотелот во областа. Кога баравме информации за хотелот и за предностите и активностите што можеме да ги имаме, сфативме дека тоа е и област каде што има многу проблеми со присвојувањето на земјиштето. Во неколку наврати отидовме таму за да извидиме, да анализираме како се одвиваат работите во заедницата и да ги слушнеме неформалните разговори на луѓето. Беше неопходно да се има место кое е достапно, а хотелот не нè чини многу, вклучувајќи ги и сите удобности што можеме да ги имаме во околината.

Во однос на избраните медиуми, како тоа влијаеше на начинот на кој го реализиравте вашиот проект?

Медиумот што го избравме беше комплициран. Покрај повеќето обезбедени алатки од „Sipho“ и јазикот што го користевме, вклучивме и мешавина од француски и волоф. Вклучивме и други организации за да биде подостапен. Се погриживме за тоа обуката да биде диверзифицирана за целосно да ги исполни очекувањата. Повеќе се потпиравме на нашето знаење, отколку на содржината што беше прикажана на слајдовите и во мејнстрим културата што ја користевме. Исто така, направивме значителни промени со неколку варијанти, бидејќи мејнстрим културата на Балканот не е иста со мејнстрим културата за Сенегалците, Гвинејците или за Ганците. Имајќи предвид дека во овој момент постои силна доза на африканска култура и одредено отфрлање на сè што се врти околу западните концепти, се обидовме да донесеме друга перспектива, бидејќи и учесниците, исто така, си дојдоа со свои ограничувања и со своја визија, која понекогаш не одговараше. Благодарение на размената, успеавме да се повземе и тоа е она што ни овозможи успешно да го развиваме нашиот проект.

Можете ли да ни кажете нешто за вашето влијание?

Нашето влијание во овој проект се однесува на тоа учесниците да станат свесни за тоа што е уметнички активизам. Наша цел е да ги мобилизираме лицата за тековните битки против корупцијата, заживувајќи ги и поттикнувајќи ги да се освежат и повторно, вистински да се мотивираат. На емотивно ниво, сакавме да ги натераме луѓето да сонуваат, да покажеме дека постои и онаа разиграна и забавна страна на уметничкиот активизам.

За време на нашата интервенција, учесниците на мојата обука првично избраа место каде што нема луѓе, што значи дека нема ни публика. Потоа решија да одат и да бараат некое појавно место на пазарот. Бев загрижена затоа што ова го направивме без да ги известиме властите или некој друг, но сѐ се одвиваше без проблеми. Така, учесниците на обуката го одржаа својот настап токму на централниот плоштад, опкружени со трговци, и насекаде околу нас слушавме коментари полни со ентузијазам. Луѓето ги заборавија своите бизниси и коментираа што прават овие млади луѓе. Беше навистина убаво.

Како го испланиравте вашиот проект за да ги постигнете зацртаните цели?

За мене беше важно да се осигурам дека, логистички, сѐ оди добро. Една од моите главни цели беше да ги охрабрам овие млади луѓе да постават свој проект. Се обидовме да сензибилизираме еден или двајца учесници, за да станат свесни за работата што ќе побараме од нив да ја вршат до крајот на проектот. Потоа го дисеминиравме знаењето што требаше да биде споделено. Ги доведовме нашите експерти и другите. Од моментот кога ја разбраа одговорноста, тие го презедоа својот удел во проектот, креирајќи сопствени канали за комуникација преку WhatsApp, на пример. За мене ова беше доказ за успехот и показател дека тие чувствуваат одговорност за проектот.

Како ја перципирате врската меѓу креативните и уметничките пристапи кон активизмот и општествените промени?

За мене тоа е лекот. Како добар пример го земам исказот на една од моите учеснички, инаку многу динамична во асоцијативната средина. Таа ни кажа дека оваа обука ја научила на многу работи, особено модулите за трансформациско лидерство кои таа требаше да ги направи. Во рамките на проектот, таа разговараше со режисери, рапери и др., а сето тоа ѝ овозможи да има поинаков пристап. Работилницата ѝ овозможи да ја открие својата уметничка страна, нешто што не би се осмелила да го направи на друго место. Таа навистина можеше да излезе од нејзината зона на комфорт, бидејќи поголемиот дел културни актери со кои имаше можност да разговара се луѓе кои се убедени во тоа дека со културата можат да поместат планини, па затоа веќе биле убедени. Тие успеаја да ги убедат, повеќе од половината од оние кои не беа дел од културната средина, дека активизмот, креативните и уметничките пристапи кон активизмот и општествените промени, навистина можат да вродат со плод, од кој потоа секој може да има корист.

Како властите и владите реагираа на вашите акции?

Направивме сѐ без да ги известиме властите, бидејќи еден од нашите стравови беше дека во услови на КОВИД, ќе ни забранат да ги вршиме нашите активности или дека од нас би се барале различни протоколи, без оглед на тоа дали се работи за добивање разни документи или за средби со неколку претпоставени. Ла Грос е област што ја опкружуваат неколку општини и има неколку локални заедници. Наместо тоа, ние се фокусиравме на добивање поддршка од персоналот на хотелот. Пред сѐ, тоа се оние кои беа мобилизирани во борбата против присвојувањето на земјиштето кај Лак Роуз. Тие слушнаа за проектот и ни се придружија во хотелот за да нѐ слушнат и да разговараат со нас.

Какво беше вашето искуство од работата со учесниците?

Тоа беше голема авантура. На почетокот бев многу загрижена, бидејќи планирав повик за пријавување, а потоа сфатив дека пријавувањето нема да гарантира апсолутно ништо. Наместо тоа, избрав да го насочам своето внимание кон неколку здруженија и побарав од лидерите да препорачаат посветени и љубопитни млади луѓе кои сакаат да учат. Морав да направам избор од 30 имиња и да се погрижам да одржам одреден баланс, особено во однос на родот, а исто така да се погрижам за тоа да има луѓе кои имаат знаење за тоа како се развива еден проект, како и луѓе кои имаат знаења од областа на уметноста.

Ова интервју беше направено на француски јазик, а заради концизност и јасност беше редактирано.

© Maïmouna Diallo

МАХАМАДУ ЧЕЛО ДИАЛО

Махамаду Чело е активист кој работи на полето на заштитата на животната средина и борбата против климатските промени, поради што има учествувано на неколку меѓународни состаноци поврзани со климатските промени како COY11 и COP21 во Париз во 2015 година и COP22 во Маракеш во 2016 година. Махамаду Чело е координатор на невладината организација "Save Our Islands" и член на национални и меѓународни платформи кои работат за правата на заедниците на земја и вода. Во денешно време тој го користи уметничкиот активизам за да осуди, да ја подигне свеста и да едуцира.

Махамаду регрутираше новинари, уметници и активисти за учесници во неговиот проект. Обуката се одвиваше во текот на една недела, кога се одржаа теоретски часови со проекција и имаше практични работни сесии коишто им овозможија на учесниците да ги применат научените лекции во практиката, како и да го олеснат организирањето на завршната културна активност што беше планирана за последниот ден од обуката, на јавен простор во центарот на градот.

И денес, учесниците во обуката ги реализираат своите уметнички проекти во борбата против корупцијата во даден сектор. Некои одат преку форум, театар или преку прикажување на дебатни филмови, други преку онлајн кампањи, трети со графити. Еден од практикантите продуцираше документарен филм за корупцијата во здравствениот сектор, чијашто проекција беше изведена во сутдиото Кира. Сега се разгледува можноста филмот да се преведе на повеќе јазици.

Може ли да ни кажете нешто за вас, кој сте вие, кои се вашите пасии и на што работите?

Јас сум од Гвинеја и на овој проект работам веќе две години. Работам на многу проекти поврзани со заштитата на животната средина. Имам реализирано многу проекти. Во некои од нив работам како консултант. Имам голема пасија за сè што е поврзано со активизмот и заштитата на животната средина.

Кај мене ова создаде пасија за борба против корупцијата. Пред овој проект, никогаш не сум работел на прашања поврзани со корупцијата. Потоа почнав да разбирам кои се проблемите со кои се соочуваме, кои се злата на корупцијата во една држава и дека корупцијата може да доведе до тоа да биде идентификувана како проблем. Овој проект ми овозможи да согледам дека корупцијата постои речиси насекаде и спречува одредени сектори во општеството да функционираат подобро. Таа оневозможува одредени проекти да имаат посилно влијание врз заедницата, бидејќи ги има насекаде, вклучувајќи ги и прашањата поврзани со животната средина, заштитата на животната средина, прашањата поврзани со производството и доброто владеење. Сево ова е навистина фасцинантно за мене.

Можете ли да ми дадете краток опис на вашиот проект?

Овој проект не е прост антикорупциски проект преку уметнички активизам. За време на овој проект морав да обучам осум лица – новинари, уметници и активисти. Овој проект им беше наменет на оние кои ги вршат овие активности, а целта е да им се обезбеди друг вид активизам.

Преку овој проект успеавме да ја пренесеме пораката, успеавме да комуницираме, успеавме да влијаеме врз луѓето. Во рамките на овој проект, спроведовме акции во оваа област, но не само како теоретска обука за тоа како се прави, туку и како практични акции. Која е целта на овие практични акции? Кога ги изведуваме со нашите учесници на обуката, ние прво поминуваме низ фаза на истрага. Прво треба да знаете во што се состои проблемот, што е тоа што го предизвикува и кои се последиците и жртвите од него. Кога ќе го дознаеме тоа, доаѓаме на локално ниво и се обидуваме да најдеме стратегија за да можеме да ја спроведеме нашата акција преку музика или пак тоа е нешто што може да се направи преку уметноста.

Се обидуваме да откриеме што ѝ се допаѓа на заедницата, односно на културата на оваа заедница. Ако им се допаѓа театарот, можеме да поминеме и во театарот, за да влијаеме врз јавноста. Доколку сакаат музика, организираме миниконцерт на кој ја пренесуваме нашата порака. Добро е тоа да се случува таму каде што е направена корупцијата. Ако корупцијата се случила на пазарот, добро е акцијата да ја направите на влезот на пазарот. Ако корупцијата се случува на ниво на некое министерство, акцијата мора да се направи пред тоа министерство, затоа што кога луѓето стојат на местото на настанот и ја гледаат реалноста, односно се пронаоѓаат во таа реалност, тоа навистина ги допира. Така луѓето почнаа да разбираат што правиме.

Кога правиме уметничка акција, ги прашуваме луѓето што е тоа што сакаат да го направиме, па тогаш тие сами го наоѓаат решението. Како резултат на тоа, некои луѓе сакаат да му се приклучат на здружението, за да можат да ги бараат своите права, бидејќи претходно не знаеле дека имаат права.

Накратко, ова е проект за борба против корупцијата преку културата. За да се борите на тој начин, прво мора целосно да ја отфрлите корупцијата, да им покажете на луѓето дека таа постои, па заедно со жртвите да се обидете да најдете решение за проблемот. Ние не го правиме тоа на насилен, туку на уметнички начин - преку графити, театар, итн. Тоа е единствен начин да се биде активист без да се наиде на неволја. Кога правиме ваква акција, ние обично се трудиме да ги имаме сите потребни овластувања, па ги повикуваме да дојдат оние кои ги даваат истите. А кога ќе дојдат, тие честопати се пронаоѓаат во некој цртеж што е закачен на ѕидот или во театарот, а потоа ја зголемуваат свеста, го едуцираат народот и го туркаат во акција.

Каква е врската меѓу проектот што го направивте и историскиот, социјалниот и политичкиот контекст во кој работите?

Во оваа држава, луѓето сметаат дека е нормално да плаќаат за државна услуга. Тоа е практика што постои веќе долго време. На пример, за да направите пасош ви требаат 500.000 гвинејски франци. Но, ако сакате побрзо да ја завршите работата, ќе ви кажат дека треба да дадете уште 200.000 или 500.000 гвинејски франци. Првите 500.000 ги уплаќате во банка, а другите 500.000 за брза постапка ги плаќате на рака. Значи, тие не одат во државниот фонд, туку во џебот на оној на кој сте му платиле. Денес луѓето плаќаат за оценки во училиштата, за испити на универзитетите и др. Можете ли да замислите студенти кои плаќаат за да полагаат повисок курс или за да ги положат своите испити? Какви личности ќе станат тие? Сепак, тоа е нормата. Мојот син не дипломираше поради тоа што не можев да платам за да дипломира. Ние се стремиме да го нормализираме тоа. Овде ова е нормално, а сепак не е нормално. Ова не треба да се случува.

Значи, неопходно е да се преземе акција за да се разоткрие ова. Всушност, не е лесно да се зборува за корупција, бидејќи можете да западнете во неволја. Денес во Гвинеја постои агенција која е одговорна за борба против корупцијата. Важно е да се каже дека таква агенција постои, но не е јасно зошто ја создадовме оваа агенција? Како да се зборува за ова? Најдобар начин за нас е кога овој проект е добредојден. Јас сум ентузијаст кога станува збор за овој проект, затоа што со него успеавме да отвориме дебата преку театарот, музиката, цртежот и др. Значи, функционерот што го прави тоа, можеме да го поканиме да дојде и да види што правиме. Ако преземеме акција за корупција на патиштата, на пример, можеме да ја поканиме патната полиција. Видете, кога ќе ги прашате зошто го прават тоа, тие ви даваат информации што претходно не сте ги имале.

Што ве мотивираше и зошто сакавте да учествувате во проектот?

Прво, се работеше за корупција. Никогаш не сум работел на прашања поврани со корупцијата, па се прашував како јас, како активист, ќе работам на ист проект и на иста тема со уметници и со новинари. Прво нешто што ме мотивираше беше љубопитноста, односно тоа што сакав да научам нешто ново. На мојот активизам му беше потребен нов здив, односно нова инспирација. Дојде во важен момент, во време кога сакав да научам нешто ново. Сакав да се ангажирам во нешто ново, во некоја друга област. И тоа многу ми помогна, многу научив и сè уште учам преку овој проект.

Како контекстот во кој го водевте проектот влијаеше врз начинот на кој го изведовте?

Кога зборуваме за корупцијата, мислиме дека таа се случува само на државно ниво, односно дека само државата предизвикува корупција. Но, забораваме дека корупцијата ја има насекаде. Како можеме да го откриеме ова? Прво, треба да го пронајдеме контекстот, односно да утврдиме зошто постои корупцијата. Затоа е многу важно да се направат истраги и истражувања, односно да откриеме што е тоа во што навлегуваме. Како ќе ги презентирате вашите наоди, зависи од вашата публика. На пример, моја публика се луѓе кои не се школувани - пазарџии и трговци. Генерално, тие зборуваат или на сусу или коридор јазикот. Оттука, повеќето мои акции се многу повеќе на локалниот јазик, а само мал дел на француски јазик. Не сакам да спроведувам активности во кои луѓето ќе доаѓаат и ќе ги следат, а нема да ја сфатат пораката. Според мене, тоа нема никаква смисла. Затоа, истражувањето и јазикот се многу важни за различните акции што ги спроведувам на терен.

Каков беше вашиот однос кон овој тип уметнички активизам во минатото и во заедницата во која работевте? Што ве инспираше за овој конкретен проект?

Никогаш претходно не сум работел на прашања поврзани со корупцијата. Повеќе работев на прашања поврзани со заштитата на животната средина, пошумувањето, еколошката едукација во училиштата и др. По обуката во Дакар, моравме да работиме на мал проект за борба против корупцијата. Таму запознав една пријателка. Едно утро таа ми дојде и ми ја предложи темата за корупцијата на пазарот, охрабрувајќи ме да продолжам да се интересирам за темите поврзани со корупцијата. Тргнав сам и влегов во еден свет што не го разбирав, бидејќи немав врска со пазарот – едноставно, не одев на пазар. Таму отидов со тим кој ме придружуваше во овој проект за да можам да прашам, да ја подигнам свеста, да слушнам, да ја разберам гледната точка на луѓето, на патувачки пазар, на оние кои немаат каде да живеат. Тогаш сфатив дека корупцијата е насекаде во нашата држава, дури и онаму каде што мислиме дека ја нема. Не мислев дека тоа е можно, дека корупцијата постои дури и на најниското ниво на скалата. Јас мислев дека корупција има само на државно ниво.

Која беше вашата примарна публика и какви интеракции имавте со неа?

Мојата главна публика беа пазарџиите, пазарната администрација, градското собрание и некои актери од граѓанското општество кои ги поканив, а кои работат на овие корупциски прашања, како и некои уметници, мои пријатели. По акцијата, тие разбраа дека има и други навистина интересни теми за дебата покрај политичките прашања. Како интеракција, пред акцијата прво спроведов анкети, запознав некои жени, мажи, раководители на пазарот и некои функционери во градското собрание. Тоа се луѓе кај кои секогаш бев добредојден.

Кои цели си ги поставивте во однос на политичкото и емотивното влијание? Какво влијание сакавте да имате врз емоциите на луѓето?

Мојата прва цел беше да ја обелоденам корупцијата што се случува на најниско ниво, односно да им покажам на луѓето дека кога се зборува за корупција, не треба да мислат дека тоа се случува само на највисокото државно ниво. Исто така, моја цел беше да ја подигнеме свеста и да ги лоцираме жртвите на корупцијата, кои честопати не ги знаат сопствените права. Ако ги знаеја сопствените права, тие ќе се приклучеа на некое здружение или група за да ги откријат и да ги побараат своите права. Значи, мојата цел беше да ја обелоденам и да ја извадам на виделина корупцијата во јавната сфера.

Од емоционален аспект, би рекол дека ми беше првпат да работам на овие прашања, особено со овие жени. Сè уште ме боли кога ги слушам дека плаќаат два или три пати за иста услуга, која никогаш не е загарантирана, а кога не плаќаат - ги исфрлаат. Кога жена ќе ти каже „ме избркаа оттаму и не знам каде да одам, не можам да го прехранам семејството“, тоа те тера да одиш уште подалеку, бидејќи не може вака да продолжи. Корупцијата е основа на речиси сите несреќи. Да не постоеше, многу работи ќе се сменеа, но бидејќи секој си мисли на својот џеб на штета на народот, бидејќи народот не е способен да коалицира за да може да се бори, прво треба да обелодени и потоа да се бори. Навистина е комплицирано.

Како го испланиравте проектот за да ги постигнете овие цели? На кој начин проектот ги постигна целите што ги имавте поставено пред себеси и на кој начин понекогаш и не успеваше?

Прво, повеќето од моите акции ги испланирав пред да излезам на терен. Кога го пополнив формуларот за мојот избор, почнав да работам на модулот што требаше да го презентирам, кој вклучува информации за комуникацијата, банери и за изнајмување на хотел. Објавив онлајн повик за аплицирање, за да можеме да ги регрутираме профилите. Заинтересираните се пријавија и имаше 47 апликанти за 8 места. Значи, изборот не беше лесен - требаше да се направи предселекција, да се интервјуираат кандидатите и да се изберат вистинските луѓе за обуката, што требаше да се одржи една недела подоцна во Конакри. Навистина, морав многу да работам на ова, да најдам асистент за обука, да подготвам сè што е потребно.

Моравме да го испланираме секој чекор. Во себе го имав распоредот од почетокот до испораката на сертификатите, односно до извршувањето на акциите од страна на луѓето кои ги обучив. Тогаш сфатив дека мојот проект ги постигна целите. Пополнети се сите полиња што требаше да се пополнат. Сега доаѓа моментот кога треба да прегледате одредени стратегии. На пример, на почетокот сакавме активноста да ја направиме онака како што сакаме ние, недалеку од целната локација. Но, сфативме дека е подобро да се најде простор каде што луѓето можат да дојдат, за да не движите премногу. Моравме да смениме некои работи два дена пред културната активност. Но, кога во прегледот ги видов сите чекори што ги испланирав, тие беа извршени онака како што треба.

Не знам дали ова можам да го наречам неуспех, но некои од учесниците на обуката на почетокот не беа во можност да смислат идеи за активностите на терен. Им кажав дека ќе треба да смислат идеја која зборува за корупција, но која се заоснова на реални факти, а не на нешто имагинарно. На почетокот им беше тешко на некои од учесниците на обуката кои не можеа да работат индвидуално, бидејќи кога се во група се помотивирани. Но, заедно успеавме да најдеме идеи, создадовме група за да разговараме за тоа и да ги насочуваме и поддржуваме луѓето, да ги видиме стратегиите, како ќе ги спроведат акциите и заедно успеавме да го направиме тоа.

Како го гледате односот меѓу креативните и уметничките пристапи кон активизмот и општествените промени, и зошто во конкретниов случај избравте да користите уметнички активизам наместо други активистички стратегии?

Уметничкиот активизам се заоснова на културата. Всушност, уметничкиот активизам е уметност. За мене, уметничкиот активизам треба да биде норма во сите прашања за свесноста. На пример, не можете да дојдете во Гвинеја и да ги сензибилизирате луѓето кои не го зборуваат вашиот јазик. Ако не го знаете јазикот, не ја знаете ни културата. Да, тие ќе ве послушаат, но што ќе биде следниот чекор? Честопати ги користиме луѓето во самата заедница за да ја рашириме пораката. Често ги засмејуваме луѓето кажувајќи им ја вистината и успеваме да ги натераме да разберат одредени работи кои не ги разбрале. Значи, неопходно е да допрете до срцата на луѓето, за да го промените менталитетот и да поминете низ културата на оваа заедница, за да можете да ја пренесете пораката и да ги натерате луѓето сами да покренат акција и да се борат против корупцијата.

Мислам дека уметничкиот активизам ќе биде норма на долг рок. Се восхитувам на фактот дека повеќето активисти во мојата држава го користеа овој метод. Честопати доживувавме многу насилни демонстрации во Гвинеја во кои никогаш не беше пренесена пораката, затоа што секогаш кога доаѓа полицијата, луѓето се ограбувани и не разбираат што е пораката и што всушност се случува. Но, свеста можеме да ја подигнете со цртеж, со активности како што се музиката и театарот. На тој начин успеавме да допреме до луѓето, успеавме да ја пренесеме пораката. Како заклучок, би рекол дека уметничкиот активизам во Гвинеја е нов, но мислам дека на долг рок тоа ќе биде нормата, затоа што сите луѓе кои ги следеа нашите акции или нашата обука велат дека тоа е најдобриот начин за кампања, најдобриот начин да се пренесе пораката.

Како реагираа властите на вашите акции, доколку имаше реакции од властите?

Тие навистина го ценеа тоа, иако некои од нив беа донесени. Впрочем, тоа ја отвори дебатата за јавниот простор. Многу им се допадна затоа што го сакаат театарот. Луѓето во Гвинеја го сакаат театарот, така што гледањето на претставата на уметникот ги насмеа и ја сфатија пораката во неа. Доколку ги прашате да коментираат за она што го виделе, дали функционира, дали треба да се прави на тој начин и што би требало да се промени, тие ви даваат некои информации. Имаше реакции од градското собрание - тие го ценеа тоа, рекоа дека тоа се работи кои навистина треба да се сменат, дека е добро и дека мора да продолжиме натаму.

Какво беше вашето искуство од работата со учесниците? Дали сте задоволни од начинот на кој можевте да работите заедно и од она што тие го научија?

За мене тоа беше одлично искуство. Од процесот на регрутирање до конечниот избор, односно до сместувањето (затоа што поминаа една недела заедно во хотелот), можевме да формираме група и потоа моравме да ги координираме нивните уметнички активности. Сите овие луѓе најдоа начини да создадат уметнички активности според своите вештини. Тие што се уметници и актери, можеа да преземат нешто на оваа тема, новинарите истражуваа корупција во областа на болниците, а потоа организиравме скрининг-дебатен ден.

Имаше ли промена кај вас лично, промена на перспективата додека се реализираше проектот? Што научивте од овој процес на проектот и дали се промени вашето разбирање за креативните пристапи кон активизмот?

Научив многу нешта. Морав да најдам нешто едноставно, да обучам осум луѓе за шест месеци, да надгледувам, да спроведувам акции. Како напредуваше проектот, така се зголемуваше моето искуство. Продолжувам да учам преку состаноците што ги организираме, учам и од моите учесници на обуките и од учесниците од другите држави, а мојата идеја за активизам е многу променета.

Сега, ако некогаш треба да преземам акција, би избрал таа да биде поврзана со уметноста. Таа едуцира, ја подига свеста, допира до срцата, а јавниот простор го прави подиум. Така, си велам, идејата за активизам ја имав бидејќи направивме митинзи во неколку држави и сфаќам дека кога станува збор за уметноста, луѓето доаѓаат да видат што се случува, а не да ги слушаат говорите или да видат кој зборува. Тоа е реално, го гледаме, зборува, комуницира без да зборува... Многу научив, и мојата перцепција за активизмот многу се промени од почетокот на овој процес.

Што ве изненади во целиот процес? Ако треба да направите нешто поинаку, што би било тоа?

Бев изненаден од ентузијазмот со кој беше проследен овој проект во Гвинеја. Ве уверувам дека има многу луѓе кои секогаш ме прашуваат кога е следната активност, бидејќи од она што го виделе, можеле многу да научат. Повратните информации од учесниците во обуките се позитивни. Го направив тоа во Конакри, па многу луѓе во Гвинеја зборуваат за тоа. Бев изненаден од фактот што многу луѓе зборуваа за тоа и продолжуваа да разговараат со мене за тоа.

Ме прашуваат кога ќе започне новиот проект, и дали поинаку го развивам овој проект. Во Гвинеја постојат четири природни региони. Треба да направиме акции во овие четири региони, односно во Долна Гвинеја и во Средна Гвинеја треба да формираме тим за уметнички активизам, а во Горна и во Шумска Гвинеја треба да обучиме група Гвинејци за уметнички активизам во различни области. И овие активисти можат заедно да спроведуваат антикорупциски акции во локалните средини. Секако, акциите треба да се спроведуваат не само на ниво на главниот град, туку на ниво на целата држава. Мислам дека проектот ќе има влијание на територијата на целата држава. Замислете го тоа, зашто корупцијата не е само во Конакри, туку и во Лабе и во Шумска Гвинеја. Но, тоа не може да се направи на ист начин како во Конакри, на пример. Мора да има Гвинејци кои се обучени за уметнички активизам и тие луѓе да можат да работат заедно и да спроведуваат акции со кои ќе го сменат менталитетот и ќе ги натераат луѓето да вршат ваков вид активности.

Ова интервју беше направено на француски јазик, а заради концизност и јасност беше редактирано.

© RCH, „Freedom to the Rivers, Bosnia and Herzegovina", 2021

СТУДИИ НА СЛУЧАЈ
ЗАПАДЕН БАЛКАН

БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

Едиса Демиќ

СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Игор К. Илиевски

АЛБАНИЈА

Јета Пера

СРБИЈА

Маја Калафатиќ

© Edisa Demić

ЕДИСА ДЕМИЌ

Едиса Демиќ е активистка во Мостар, Босна и Херцеговина, и повеќе од 15 години работи на најразлични прашања кои вклучуваат спречување на насилството, вклучување на младите и образование. Надградувајќи ја нејзината работа и видливост во градот, таа го прифаќа креативниот активизам како средство со помош на кое ќе допре до поширока публика, ќе вклучи нови соработници и ќе ја инспирира јавноста да ја предизвика корупцијата што е распространета во нејзината земја.

Во нејзините проекти против корупцијата, во рамките на Регионалните креативни јадра, таа се потпира на лидерството на студентите и младите да ги обликуваат акциите и интервенциите за да го привлечат вниманието на јавноста и да ја мотивираат да ја предизвика корупцијата. Нејзиниот проект наречен „On My Own“ резултира со стрип за спротивставување на корупцијата, јавен мурал што станува обележје на Мостар, акција пред владините институции адаптирана од активистичките групи во други делови од земјата и саем во центарот на градот за „вакцина против корупцијата“, што беше пренесуван од повеќе од 50 медиуми што објавуваат вести, како и на веб-сајтовите. За да го постигне тоа, таа негува средина на доверба и поврзаност меѓу најзините учесници и заедно со нив ги дефинира акциите, врз база на нивните јаки страни и она што е нивна страст, и остануваат во блиски контакти заради планирање идни дела на креативен активизам.

Може ли да ни кажете нешто за вашата работа и биографија?

Активистка сум во Мостар уште од 2005 година. Прво ме мотивираше борбата против насилството, трговијата со луѓе и насилството врз жените. Патував низ цела Босна и Херцеговина, како раководител на активности за спречување и едукација за родители, наставници и ученици. Открив дека чувството дека си способен да им помогнеш на луѓето е многу убаво. Благодарна сум му на Бога што имам ваква можност, но знам дека тоа е и огромна одговорност.

Имам 17-годишно искуство со ова прашање и мојата организација наречена *Достоинство* работи на овие активности. Особено сме видливи овде, во Херцеговина. Исто така, јас сум координатор на проектот на Меѓународната организација за миграција (ИОМ), кој се фокусира на вклучувањето на младите. Овие улоги ми овозможуваат флексибилност да работам на многу различни проекти и прашања.

Како се вклучивте во проектот против корупција во рамките на Регионалните креативни јадра?

Овој проект е нешто ново во мојот живот и дојде во време кога ми требаше промена. Го видов повикот, конкурирав и бев многу изненадена кога бев избрана! Од искуство знам дека за да бидеш избран за вакво нешто, треба да познаваш некого или некој кој ќе гарантира за тебе, а јас претходно не познавав никого во Отвореното општество.

Го сакам чувството кога сум креативна, но секогаш се сметав себеси за активист, а не за „уметнички активист“. Учејќи за креативниот активизам навистина бев трогната и возбудена. Сакам да работам на проекти во кои се надеваш на најдоброто, но не знаеш што точно ќе се случи, а тоа го видов во овој метод уште на првата обука во Сараево. Тоа беше навистина посебно искуство за мене, па дури зачував и една белешка што ја добив таму. Ме потсетува на сета љубов, позитивна енергија и на новите пријатели од тоа искуство. Ја чувам во мојата соба за да ја паметам убавата приказна за тоа како сите ние започнавме пред две години.

Може ли да ни кажете нешто за вашиот прв проект?

Кога се вратив во Мостар, почнав да соработувам со студентите од United World College. Знаев дека тие ќе бидат особено креативни и, откако разговарав со некои од наставниците во школото, одржав работилници за да најдам студенти кои се заинтересирани да помогнат. На крајот, работев со десет студенти. Тоа беше меѓународна група и комуницираме на англиски јазик.

Студентите имаа многу креативни идеи. Почнавме мала кампања за да тестираме како да ја вклучиме јавноста. Тие подготвија многу материјали (стикери, слики итн.) и одржаа јавен перформанс. Беа многу заинтересирани за тоа да раскажат приказна. Тоа беше во февруари и март 2020 година, токму пред да почнат затворањата поради КОВИД-19, така што тоа беше добар мал почеток.

Може ли да ни кажете нешто за вашиот втор, многу поголем проект?

Беше огромна можност да се работи на друг проект цели 6 месеци. Многу сум му благодарна на мојот љубезен и страстен ментор Ѓорѓе Јовановиќ од Центарот за современа уметност Скопје, кој ми помогна кога размислував за моите први идеи. Одлучив да најдам 12 учесници и со нив да работам на развивање проект што ќе привлече големо внимание, а ќе се однесува на корупцијата во Мостар.

Резултат беше проектот наречен „On My Own“, кој се однесуваше на наоѓањето храброст да се застане против корупцијата и поткупот. Рестрикциите во врска со КОВИД-19 ни беа големо ограничување и требаше да смислиме како ќе работиме безбедно. Затоа одлучивме да развиеме повеќе начини како да допреме до луѓето. Направивме веб-сајт, стрип и голем мурал на отворено. Направивме и два јавни настана: перформанс под маски и настан каде што се нудеше „вакцина против корупција“.

Како ги обучивте вашите учесници и како работевте со нив за да го развиете „On My Own“?

Одржав осум обуки за време на викендите, вклучително и една обука за креативен активизам. Во нашата група имаше луѓе со различна биографија – на некои ова им беше првпат да бидат во ваква средина и да се запознаат со неформалното образование. Некои од нив првпат слушнаа за креативен активизам. Тоа беше многу интересна комбинација, особено поради начинот на кој тие се поврзаа меѓу себе. Почнавме на Google Meet, потоа продолживме во голем простор, за да останеме на дистанца за време на обуките, но беше очигледно дека овие учесници сакаат да се поврзат, да зборуваат заедно и да прават повеќе.

Нашите учесници беа на возраст од 18 до 32 години. Ме почитуваа мене и моето искуство, но при изготвувањето на проектот дефинитивно работеа како колектив. Секој од учесниците даде свој придонес со своите јаки страни и со различната биографија. Длабоко размислуваа што е тоа што може да го понудат и беа многу активни во генерирањето идеи и материјал за проектот и надвор од обуките што ги држев. Бевме толку поврзани како група!

На крајот одлучивме да направиме стрип, бидејќи во групата имавме уметник кој имаше искуство со креирање стрипови. Тој сподели со групата како почнал да го работи тоа и што нему му значи неговата работа, а потоа заедно работевме на приказна што ќе ги вклучи луѓето. Исто така, бевме во можност да донесеме добро познат уметник за мурали. Мостар има многу мурали, кои се значаен и видлив дел од градот, па затоа мислевме дека е тоа одличен начин да се допре до јавноста. Работевме заедно за да го развиеме концептот и да размислиме за начините како да ги повземе стрипот и муралот. На крај, нашиот мурал стана еден од најпознатите во градот, бидејќи е поразличен од сите други.

Може ли да ни кажете нешто повеќе за приказната во стрипот?

Сите заедно работевме на тоа да ја развиеме приказната за стрипот. Таа зборува за тоа на колку многу места се јавува корупцијата (во болниците, училиштата, во правниот систем и на други места) и како тоа нè прави да се чуствуваме многу мали. Корупцијата може да се претстави како огромен човек кого не можете да го победите и кој ве држи на неговата дланка и може да ве смачка. Но кога сите се заедно, може да му се спротивстават и да го победат. Текстот во стрипот е на босански јазик, но го преведовме и на англиски, за да допре до поширока публика.

Може ли да ни кажете нешто повеќе за муралот?

Сакавме да користиме симбол што е препознатлив во Мостар, па затоа го избравме Стариот мост, еден од најпознатите мостови во Европа. Мостот е истакнат симбол на нашиот град, нешто што сите го сакаме и го почитуваме. На муралот, мостот е претставен како „првата препрека“ – симбол на моќта на народот и на нашите

граѓани, кои застануваат против корупцијата и поткупот што се толку вообичаени во нашиот град и кои, едноставно, станаа нормални.

Сликата од Стариот мост ја користевме за да ги повржеме стрипот и муралот. На дното, го прикажавме канализацискиот систем што го исфрла поткупот во реката, а мостот ги претставува луѓето кои се обединуваат да останат над тоа. Наоколу испишавме позитивни пораки за борба против корупцијата и го ставивме QR-кодот на проектот на муралот, за луѓето да може да одат на веб-сајтот и да дознаат повеќе информации. Бидејќи муралот е во туристичкиот дел на градот, пораката е напишана на англиски јазик.

Реакцијата на јавноста беше многу позитивна. Многу познати и видни луѓе во градот постираа стории и слики од муралот, а во печатот се пишуваше за тоа. Сликарот е еден од најпознатите сликари на мурали во градот и тој навистина ни помогна и се вклучи во проектот. Неговата девојка дури дојде да ни помогне во боењето!

Не е лесно визуелно да се претстави корупцијата, но мислам дека луѓето навистина се согласија со муралот. Големината е совршена за луѓето да го сликаат, боите се јаки и тој е навистина убав. Забележав дека многумина го користат муралот како место каде што се среќаваат! Всушност, еден од нашите учесници го стави муралот на Google Maps - само пребарајте „Anti-Corruption Mural“ во Мостар и се појавува. Тоа е првиот мурал со ваква порака и навистина остави голем впечаток во градот.

Може ли да ни кажете нешто повеќе за перформансот под маски?

Направивме перформанс во центарот на градот. Нашата група носеше маски и синџири и демонстрираше пред важните згради во градот. Тоа го направивме бидејќи корупцијата е скриена на отворено – исто како кога си под маска, па од јавноста зависи дали ќе работи заедно и дали ќе ја симне маската и ќе ги скине синџирите. Добивме одлични повратни информации и за време на перформансот многу луѓе влегоа во интеракција со групата.

На крај, може ли да ни кажете нешто повеќе за акцијата „вакцина против корупција“?

Нашата група одлучи да го искористи целото внимание околу КОВИД и недостигот на вакцини во Босна и Херцеговина, така што креиравме антикорупциски саем каде што кажавме дека ќе нудиме „вакцина против корупција“. Имавме фотографирање и секој што учествуваше доби сертификат. Секој поединец споделуваше приказна за корупцијата што ја има доживеано и потоа се фотографираше, а тоа вклучуваше и порака, нашот хаштаг и името на проектот, за да можат да ги видат информациите за другите наши акции и материјали. Имаше и музика и бевме на градскиот плоштад повеќе од три часа.

Претходно снимивме видео и плативме за фејсбук-промоција, па повеќе од 30.000 луѓе го видоа видеото. Тоа беше вистински момент и вистинско прашање – луѓето беа очајни за КОВИД-вакцина, многумина веќе одеа во Србија за да примат вакцина, а толку многу луѓе умираа. Беше вистински момент да се нагласи корупцијата и проблемите со нашите власти.

Настанот стана топ-вест во целата земја, па дури и во регионот. Имавме многу големо медиумско покритие! Мислам дека настанот го покрија повеќе од 50 медиуми (печатени, ТВ и онлајн). Некои луѓе мислеа дека медиумите известуваат за тоа дека во Мостар има вакцинација против КОВИД, па вниманието беше огромно. Дури и некои медиуми од Србија и од Хрватска пишуваа за настанот. Навистина сум горда на мојата група која го избра најдобриот момент и најдоброто прашање за да се нагласи важноста и да се

© Vedran Miletić

дејствува против корупцијата. Изгледаше како луѓето од Мостар да одлучиле да примат вакцина против корупција бидејќи во тоа време немаше друга вакцина.

Дали имавте некаква реакција од властите или од други институции?

Всушност да! Откако 10 години немавме никакви избори, неодамна избравме градски совет и еден од тие политичари сакаше да учествува. Му кажав дека не сакам нашата работа да се поврзува со некоја политичка партија, тој ме разбра и присуствуваше само како приватно лице - активист. А излезе дека тој е навистина уметнички активист! Така, за мене ова беше добар знак дека акцијата имаше влијание и врз политичарите.

Канцеларијата на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) во Мостар исто така изрази заинтересираност. Шефот на Канцеларијата ми испрати мејл прашувајќи за средба – го видел муралот и прочитал за проектот, па рече дека ОБСЕ сака повеќе да се информира за проектот и да го поддржи онака како што може. Посебно сакаше да нè запознае со другите организации кои работат на антикорупција и рече дека треба да нè поврзе со младината на различни политички партии, за да ја споделиме нашата работа. Тој навистина мисли дека возрасните политичари не можат да направат толку колку што можат младите.

Бев поканета да зборувам за овој проект на панел за време на прославите на 30-годишнината на Отворено општество. Мојата група беше горда дека има свој претставник. Фондацијата поддржа многу напори против корупцијата во изминатите години и беше навистина убаво да се знае дека тие сакаат да ја слушнат нашата приказна.

Кои беа вашите цели со овие акции? Дали мислите дека ги постигнавте?

Наша цел, пред сè, беше да ги повикаме луѓето да дејствуваат и да ја подигнеме нивната свест и да побараме од нив да бидат одговорни, а не пасивни, предизвикувајќи ја корупцијата во нашето општество. Сакавме да знаат дека, дури и ако нивото на корупција е високо, сите ние заедно можеме да работиме и да го елиминираме. За да го направиме тоа, сакавме луѓето да ги знаат следните чекори што можат да ги преземат - како може анонимно да пријават корупција и како може да се вклучат за да го зголемат јавниот притисок врз институциите.

Со овој проект направивме повеќе отколку што очекував... навистина! Имав група чиишто членови беа поврзани повеќе од пет месеци и ние и денес сме пријатели и имаме многу идеи за тоа што треба да правиме. Мислам дека успеавме да ја подигнеме јавната свест и дека по сите наши акции денес во Мостар многу повеќе се зборува против корупцијата.

Откако ќе заврши овој проект, многу работи ќе останат: видеоспотот што го снимивме, муралот, стрипот и сите убави слики што ги направивме за да го документираме тоа што го направивме во градот. Исто така, важно е што привлековме внимание и надвор од градот! Имавме повици од активисти од целата земја и од различни етнички заедници кои нè поттикнуваа да зборуваме за нашиот проект. Зборував со луѓе во Република Српска и од Западна Херцеговина за тоа како може да се обидат со некои слични активности. Имаше дури и друга група која се бори против корупција и која користела маски и синџири во една акција. Во еден пост на членовите на оваа група на социјалните медиуми стоеше: „Многу сме горди на нашите луѓе во Мостар!“, со што тие ни оддадоа признание за идејата.

Два месеца по финалната акција, една од најпознатите ТВ-станици во земјата дојде во Мостар и сними 30-минутно интервју со мене и со учесниците. Отидовме кај муралот и одевме по улиците и тоа ни помогна да допреме до целата општа јавност во Босна и Херцеговина. Многу сум благодарна што на овој начин, како и со илјадниците прегледи на нашето видео, ја испративме пораката и направивме луѓето да размислуваат да ја предизвикаат корупцијата.

Сакам да нагласам дека исто така е важно тоа што овој предизвик дојде од млади луѓе. Тие се активни и креативни и само чекаат можност. Овој проект им даде можност за едно поинакво размислување во градот, а за мене тоа е еден од најважните исходи од овој проект.

Како се промени вашата перспектива за време на овој проект? Многу долго бевте посветен активист – што од ова за вас беше ново и просветлувачко?

Најважната лекција што ја научив е да верувам во процесот на креативен активизам – навистина функционира кога веруваш во луѓето со кои работиш и градиш релации. Верувам во креативноста и оригиналноста на мојот тим. Тие навистина постигнаа извонредни работи. Можев да почувствувам дека и тие ми веруваа мене. Сите нивни идеи ги слушав со широко отворени уши и се чувствувам прекрасно кога ќе видам дека медиумите и луѓето во нашиот град ги препознаваат. Имам чувство дека нè сметаат за мали херои во нашето општество, така што некогаш не ни требаат многу пари... ни треба само многу креативност!

За време на проектот се чувствував многу слободна. За мене креативниот активизам беше убав начин да се испрати порака и беше важно луѓето да почувствуваат дека не се сами. Ако сакаме општество без корупција, сите може да имаме храброст и заедно да проговориме за неа. Корупцијата е присутна во толку многу делови од нашето општество, а ние треба да промовираме позитивни приказни, за луѓето да видат дека промената може да се случи! Тоа беше уште една лекција: Не го потенцирај грдото, туку сподели инспиративни и позитивни приказни за промена!

Дали мислите дека вашата група ќе продолжи заедно да работи на креативни проекти против корупцијата?

Да, апсолутно. Сега сме како група пријатели. Навистина е зачудувачки и емотивно како луѓе кои претходно не се знаеле сега се толку блиски. Неодамна, групата имаше идеја да го привлече вниманието кон сите напуштени и уништени згради во Мостар. Ова беше нивна идеја – сакаат да ги соберат приказните на граѓаните за овие згради и да извршат притисок врз владата за тие да станат приоритет. Ова може да вклучи и перформанс и ТикТок видео пред некои од највидливо уништените згради во градот. Неверојатно е како сите овие убави згради низ градот се во очајна состојба. Тоа е поврзано со корупцијата, бидејќи владата никогаш не успеа да направи нешто за нив. Секоја година има луѓе кои се повредени кога камења паѓаат на улица или кога тие се преплавени со змии. Го разгледуваш нашиот убав центар на градот и ги гледаш сите овие опасни потсетници на деструкцијата и тешко е да се верува дека сме во Европа.

Како ја гледате врската меѓу креативните/артистички приоди кон активизмот и правењето социјална промена? Зошто сакавте да користите креативен активизам во овој случај (наместо други активистички стратегии, политички кампањи итн.)?

Креативниот активизам носи свежина. Луѓето се чувствуваат уморни од протести – некои од оние што ги имавме во Мостар беа навистина лоши, искрено да кажам. Креативните акции генерираат поголемо внимание и ги привлекуваат медиумите – луѓето не мора да се согласат или да им се допаѓа акцијата за да бидат вовлечени во разговор. Тие генерираат многу различни реакции и полесно е да си провокативен. Прекрасен начин е да се повикаат луѓето да дејствуваат – кога ги повикуваш, луѓето сакаат да станат дел од твојата приказна.

Заради јасност интервјуто беше редактирано.

© Maja Jancevska

ИГОР К. ИЛИЕВСКИ

Игор К. Илиевски е реализиран новинар чијашто 20-годишна кариера во водечки дневен весник во Северна Македонија го водеше во зони на конфликт и во некои од најзначајните сторији во земјата, регионот и во светот. Во сето тоа, тој беше мотивиран од желбата да известува за прашањата што најмногу ги погодуваат животите на луѓето и нивната егзистенција во Северна Македонија и надвор од неа, и се надева дека неговата работа би можела да испровоцира јавна акција за позитивна промена. Сепак, со развојот на медиумскиот простор, Игор сака да ги истражува можностите што се појавуваат за пренесување информации и за брза акција што ја надминуваат неговата новинарска работа во печатен медиум.

Во неговите проекти против корупцијата во рамките на Регионалните креативни јадра, Игор експериментира со најразлични акции, прашања и методи. Се стреми кон тоа да ги постави основите за мрежа од активисти во Северна Македонија кои работат на прашања што се најважни за нивните заедници, применувајќи методи на креативен активизам за адресирање на локалните прашања со длабоки контекстуални акции. Учесниците во неговите проекти креираа судии направени од картон, за да ја поканат јавноста да ја „протресе“ корупцијата во судството, креираа сторији за „Патувачката врека со ѓубре“ што изврши притисок врз властите за повторно да ја отворат локалната депонија што беше парализирана поради внатрешните политички борби, и креираа училиште на отворено, со што се изврши притисок врз властите да се спротивстават на нееднаквиот пристап до образование за време на пандемијата со КОВИД-19.

Може ли да ни кажете нешто за вашата работа и биографија?

Новинар сум многу долго време. Оваа професија ја избрав токму затоа што сакав да ги направам работите подобри. Сѐ уште мислам дека споделувањето информации и зборувањето за прашањата е првиот чекор напред кон промена, па затоа се занимавам со новинарство.

Последниве неколку години експериментирам со нови начини за запознавање на јавноста со проблемите. Тоа ме доведе до креативниот активизам, за кој сметам дека има многу заеднички работи со доброто новинарство. Многу од принципите и механизмите се слични и ако се направат онака како што треба, и двете би биле забавни и ефективни. Новинарството го сметам за форма на активизам и секогаш сум го мислел тоа.

Многу години истражував различни начини како да ја вклучам јавноста. Тоа е секогаш главна цел на мојата работа: да испровоцирам реакција и да направам луѓето да преземат нешто за прашањата што ја засегаат нивната егзистенција, безбедност или здравје. За мене, овој проект беше револуционерен од еволутивен аспект: методологијата за вклучување и презентирање на идеите на јавноста и провоцирање промена на локално ниво, ми помогна да ја придвижам напред мојата работа.

Како се вклучивте во проектот против корупција во рамките на Регионалните креативни јадра?

Медиумскиот простор навистина многу се промени. Долго време минав во весник – и сѐ уште понекогаш пишувам за печатен медиум, можеби од носталгија, но барав начини како поефективно да ги пренесам сториите и информациите. Во електронските медиуми секогаш ги имаше телевизијата и радиото, а денес имаме и интернет-сајтови, блогови и социјални медиуми. Има огромна експанзија на видеопродукција во новинарството, од класични документарци до видеоклип-вести, мобилно новинарство, инфографика и визуализација на податоци. Тоа се навистина големи промени! Затоа, се обидував да откријам кои формати ми се поефективни и практични за користење, а кои не се. Читајќи го повикот за креативен активизам, почувствував дека тоа има потенцијал да го промени опфатот на мојата работа – не станува збор само за тоа да се пренесе информацијата, туку се потенцира промоцијата на акцијата, што поттикнува ангажман. Тоа сакав да го истражам.

Може ли да ни кажете нешто за вашиот прв, помал проект?

Работниот наслов на мојот прв проект беше „Јустиција го тресе судијата“. Креиравме објект од картон, кој ја претставуваше Јустиција, божицата на правдата од древната митологија, како го тресе судијата, а од неговата тога испаѓаат пари и накит. Имаме историја на скандали во врска со судството и со безбедносниот систем на Балканот и проектот требаше да го насочи вниманието на тоа.

Во Северна Македонија имавме Специјален обвинител, формиран за да се бори против високото ниво на корупција. Но, иронично, самата специјална обвинителка беше уапсена исто така за корупција! Имаше прислушувани, имаше пораки, беше пуштена една порака во која обвинителот што го истражува случајот му вели на судијата кој ја ослободи специјалната обвинителка со кауција: „Ако ја пуштиш [специјалната обвинителка] надвор од затвор, ќе те истресам од панталони со истраги!“. Ја запаметив таа реченица и тоа беше инспирација за „Јустиција го тресе судијата“.

Направивме неколку објекти од картон и ги поставивме пред Специјалното обвинителство, Министерството за правда, Државната комисија за спречување на корупцијата и на главниот градски плоштад. Идејата на овој проект беше да се испрати нема порака на којашто не ѝ беа потребни зборови, наслови или каков било пишан текст. Ги направивме објектите така што Јустиција го држи судијата за десната нога, а левата му е слободна, па минувачите може да ја тресат другата нога. И се случи токму тоа. Јавноста сама учествуваше во „тресењето“ на судијата.

Имаше ли реакција од властите на вашиот прв проект?

Да, за жал, вистина е дека колку перформансот е поблиску до потеклото на проблемот, толку е пократок. Тоа беше една од работите што ги научив. Ги поставивме објектите пред тие институции и по 30-тина минути обезбедувањето ги тргна. Им беа потребни 30 минути бидејќи се премногу мрзливи да излезат и да видат што има на објектите, а не можеа да ги видат од своите канцеларии. Минувачите или се смееја или покажуваа на објектите или ја фаќаа другата нога и ја тресеа. Проектот си ја заврши работата – за кратко, но си ја заврши!

Ние застанавме на растојание од 50 до 200 метри, во зависност од местото, за да набљудуваме. Бевме тројца и сите ја гледавме акцијата од различно место. Никој не се судри со полицијата или со обезбедувањето. И полицајците се смееја, но и покрај тоа ги отстранија објектите. На крајот, сѐ заврши со добро смеење.

Може ли да ни кажете нешто за вториот, многу поголем проект?

Во овој проект одлучивме да се фокусираме на две широки области за антикорупција: социјалната правда и прашањата од животната средина. Причина за тоа е што луѓето се засегнати пред сѐ за животот и за здравјето, а потоа и за егзистенцијата – затоа се фокусиравме на животната средина, како детерминанта на животот, здравјето и егзистенцијата, а потоа и на социјалната правда, како начин на спротивставување на ризиците за егзистенција на голем процент од населението.

Одлучив дека сакам да работам со различни групи во неколку различни заедници и да тестирам многу различни тактики и методи, па сметав дека овој проект е можност навистина да експериментирам со различните форми на креативен активизам. Во поглед на курикулумот, практиката и методот, пробавме колку што можевме повеќе работи: онлајн, офлајн, лично, на растојание, патување... сите можни нешта.

Од учесниците формиравме различни групи кои ќе се вклучат во различни заедници и ќе ги поддржат членовите на секоја заедница кои се веќе вклучени во проблемите на животната средина или социјалната правда со кои се соочуваат. Наша цел беше да им помогнеме да допрат до луѓето со добра волја и да го мобилизираат моментумот за заедно да се соочат со предизвиците на корупцијата. Првично, намерата ми беше учесниците да водат повеќе проекти, а потоа да се обединиме за финална акција. На крајот не можевме да го направиме тоа поради КОВИД-ограничувањата, околностите во секоја заедница и неколку лични ситуации. Сепак, јасно беше дека како што напредуваше проектот, така растеа и ентузијазмот и вклученоста.

Која беше вашата цел? Дали мислите дека овој проект ја постигна целта?

Стануваше збор за тоа да се изнајдат ефективни начини како да се допре до различни луѓе и да им се помогне да се ангажираат во сопствените заедници. Сепак, две акции веднаш имаа одредени политички влијанија.

Во првиот случај, групата која работеше во западниот регион на земјата одлучи да се фокусира на проблемот со собирање на отпадот на таа територија. Ситуацијата беше бизарна – локалната депонија одбиваше да го прими отпадот од неколку села поради внатрепартиски релации и ривалство. Тоа беше навистина глупав проблем на корупција кој штетно влијаеше врз животите на луѓето. Креиравме сторија за „Патувачката вреќа со ѓубре“. Тоа беше вреќа со ѓубре што ја мина целата земја, сликајќи се со знаците за добредојде во различни градови, големи и мали, веднаш до знаменитостите, покрај езерата...и такви работи. Намерата беше да им се покаже на луѓето дека кога нивниот сопствен јавен сервис ќе ги разочара, треба да бараат други места во земјата каде што ќе го фрлаат нивниот отпад. Базирано на „патувачкиот гном“, сторите за „Патувачката вреќа со ѓубре“ ги објавивме на неколку онлајн медиумски извори. Беше симпатично и забавно. Направивме дури и неколку грба за селата, со копје кое поминува низ вреќа со ѓубре на планина – едноставно, тоа беа забавни за око визуелни претстави за сторијата. И само неколку дена откако сторијата почна да циркулира онлајн, депонијата повторно почна да го прима отпадот. Тоа беше локална сторија со локално влијание, но кога тимот и локалните активисти го видоа влијанието од нивната работа од прва рака, тие беа восхитени!

Во вториот случај, бевме партнери со групата за социјална правда за жените во Скопје. Тие беа загрижени за учениците кои не можат да одат на училиште поради пандемијата, а немаат средства виртуелно да се приклучат на училиште (компјутери, таблети итн.). Нивната проценка беше дека околу 8 000 ученици не можат да ја следат наставата, а многу е ако има дури и 8 деца кои не можат да одат на училиште. 8 000 е неверојатно! Направивме виртуелна училница и ја ставивме на плоштад, закачивме маркери на горниот дел од реквизитот и ставивме голема табла, столчиња и книги. Ја обележавме како училница за 8 000 ученици кои го изгубија пристапот до школување. Дозволивме луѓето да пишуваат пораки до Министерството за образование. Во првиот час собравме 12-14 пораки и, секако, ги дезинфицираме маркерите за сите да бидат безбедни. Собраните пораки навистина помогнаа да се изврши притисок врз владата да направи нешто за сите оние деца на кои не успеа да им помогне.

Одбравте да немате финална акција на национално ниво, но дали некои од вашите групи работеа заедно или ги поврзаа нивните акции?

Да, всушност групата што работеше во источните региони на земјата се поврза со некои од нашите стории за „Патувачката вреќа со ѓубре“. Некои од локалците со кои се поврзавме беа членови на велосипедски клуб и возеа велосипед и собираа ѓубре со знаци на нивните приколки кои порачуваа „Не биди ѓубре, пријави случај на корупција!“ и „Не биди ѓубре, чувај ја околината чиста!“. Во една од нашите стории за „Патувачката вреќа со ѓубре“ ја претставивме оваа група велејќи дека тие ја собраа нашата вреќа со ѓубре бидејќи никој друг не го стори тоа. Тоа беше начин да се поврзе иницијативата и да се нагласи дека од луѓето зависи дали ќе ја чуваат животната средина чиста и ќе вршат притисок врз нивните институции за тие да дејствуваат.



За ова немаше реакција од страна на властите, но видовме огромна реакција од заедницата. Многу луѓе се приклучија во чистењето, вклучително и извидниците и неколку локални НВО кои сакаа да бидат видливи во заедницата... околу 40, 50 луѓе во многу мало место како тоа. Тоа беа значителен број луѓе кои се придружија на акцијата и „го исчистија“ отпадот и корупцијата во нивната локална област.

Што научивте за време на овој проект? Како се промени вашето разбирање за креативниот активизам?

Што се однесува до моето разбирање на креативниот активизам, тоа само се продлабочи. Многу научивме за секое нешто што го пробавме – различни акции, различни заедници, различни начини на обука итн. Направивме сѐ што планиравме да направиме, освен финалната национална кампања, но таа одлука навистина беше одговор на фактот што на крајот работевме со многу разновидни групи кои имаа различен опсег и различни интереси.

Кога би требало повторно да го работите овој проект, што би направиле поинаку?

Не би сменил многу бидејќи го постигнав тоа што одредив да го направам: да стекнам максимално искуство со различните начини и модели на обука, различни околности и различни средини, колку што е возможно. Секоја поединечна акција одговори на релевантно корупциско прашање на локално ниво, а тоа е она на што се надевав. Секако, би сакал да можевме да го направиме проектот во време без затворања. Тоа значително ќе ги променеше работите.

Како ја гледате врската меѓу креативните/артистички приоди кон активизмот и правењето социјална промена? Зошто сакавте да користите креативен активизам во овој случај (наместо други активистички стратегии, политички кампањи итн.)?

Мислам дека креативниот активизам е суштински. Деновиве тоа е предуслов за да се постигне некаков ефект. Има толку многу бели книги и НВО кои ги декларираат нивните позиции, но во оваа фаза, тие имаат ограничено влијание. Насекаде, општествата се заситени со безначајни и празни прогласи. Секој чул за климатските промени, за опасноста од екстремизам и радикализам итн., но по некое време тоа се само звучни зборови. Можеби ова не е единствениот начин, но во овој конкретен миг, мислам дека креативниот активизам е најефикасниот начин за мирно да се сменат работите.

Дали некогаш сте размислувале да пишувате за вашето искуство со креативниот активизам?

Многу сум строг во врска со мојата улога и придржувањето до правилата на новинарството. Иако мислам дека би можел да бидам сосема објективен, не би сакал да пишувам новинарски текст за тоа, бидејќи сум директно вклучен. Во иднина, можеби би истражувал не новинарски, туку други начини за раскажување приказна, за да го споделам моето искуство.

Дали ќе продолжите да ги користите методите на креативниот активизам во вашата работа?

Регионалните креативни јадра против корупцијата ги гледам само како почеток. Досега само загребавме по површината, а градиме мрежи, учиме, растеме и се поврзуваме. Овде има огромен потенцијал и секако дека ќе продолжам да ги користам овие методи. Ќе продолжам и да ги истражувам можностите за работа со секоја од заедниците и групите кои учествуваа во овој проект, одржувајќи ја нашата мала активистичка мрежа.

Сѐ уште сум фокусиран на мојата професионална работа како новинар. Тој дел не престана, но не сакам да живеам со корупциски скандали, безбедносни прашања и сите тие работи. Дефинитивно, мислам дека ќе продолжам да го користам креативниот активизам, веројатно заедно со повеќето луѓе со кои работев на овој проект. Идеална ситуација можеби би била да развиеме мрежа што би можела да спроведува национални кампањи за конкретни прашања, секоја во неколку фази, за да може да учиме, да се адаптираме и да ги мотивираме луѓето да дејствуваат на најефективни можни начини.

Заради концизност и јасност, интервјуто беше редактирано.

© Xhemali Moku

ЈЕТА ПЕРА

Јета Пера е активистка која работи со заедниците на Ромите и Египќаните во Албанија. Таа им помага на членовите на овие заедници да се организираат и мобилизираат за да ги отворат многуте прашања со кои се соочуваат, вклучувајќи го и пристапот до образование и вработување, јавни услуги и домување. Во нејзиниот проект против корупција во рамките на Регионалните креативни јадра, Јета ги нагласува инстанците на корупција во владата и отсуството на акција што придонесува за лошите услови со кои се соочуваат заедниците на Ромите и Египќаните. Конкретно, таа ги изложи економските и социјалните влијанија од криминализирањето на неформалната работа на „рециклирање“, особено за време на затворањата поврзани со КОВИД-19. За нејзината акција, таа се потпира на тешкото чувство на ирониј а и хумор - на пример, сликање на едно маало на периферијата на Тирана така што куќите ќе наликуваат на луксузни вили и камуфлирање на коњски влечни коли во лажни автомобили од висока класа, какви што претпочитаат да возат членовите на владината елита. Овие забележливи акции генерираа внимание и воодушевување, особено за време на парламентарните избори во земјата, и со тоа нејзините учесници го привлекоа вниманието на широк опсег албански граѓани на социјалните медиуми.

Јета избра да држи мали последователни акции за да може флексибилно да ги регрутира и обучи учесниците и да го гради моментумот постепено, во подолг временски период. На крајот, нејзиниот проект кулминираше со инсталација во рамките на која припадниците на јавноста можеа да гледаат фотографии од заедницата, да учат за прашањата со кои тие се соочуваат и да разберат како може да извршат притисок врз владата за да се зафати со решавање на корупцијата и запоставувањето. За оваа инсталација таа соработуваше со други активистички групи, поставувајќи ги основите за идната работа со креативен активизам за овие прашања.

Може ли да ни кажете нешто за вашата работа и биографија?

Како активист во заедниците на Ромите и Египќаните, јас сум вклучена во изминатите седум години. Во овој период се придружив на неформални групи и организации кои се фокусираат на прашањата во овие заедници. Тие се залагаат за заштита на нивните права, им помагаат да го кренат гласот за прашањата со кои се соочуваат и им помагаат во организирањето протести и мобилизирањето.

Студирав географија и обучена сум за наставник во средно образование. Во студентските години се сретнував со активисти Роми и Египќани и така и самата се вклучив. Заедно се зафаќаме со заедничките прашања со кои се соочуваат овие две заедници и се залагаме за решенија. Тесно соработувам со заедницата и заедно со активистите одлучивме да учествуваме во овој проект, да видиме дали можеме да го употребиме креативниот активизам за да се осврнеме на корупцијата што води кон исклучување и кон сè полоши услови за заедниците на Ромите и Египќаните.

Кој контекст или проблем ве доведе до овој проект?

За мене тоа започна со Ромите и Египќаните „рециклирачи“ – оние кои неформално, како извор на приход, собираат метал и пластика од контејнерите за собирање цврст отпад низ градот. Но, според законот, штом ќе се стават во контејнер овие материјали стануваат сопственост на локалните општини, така што полицијата честопати ги казнува или ги апси рециклирачите. Тоа ги остава членовите на заедниците без нивниот главен извор на приход или без некоја друга алтернатива како да се грижат за своите семејства.

Работејќи со нив сфатив колку се тие сериозни во нивната работа. Повеќето немаат образование или други можности за работа, а со пандемијата КОВИД-19 работите уште повеќе се влошија. За време на затворањата, рециклирачите не можеа да ја практикуваат нивната неформална работа и многумина не можеа да заработат и да се грижат за своите семејства.

Се обидовме овие работници да ги поврземе со компаниите кои имаат договор да чистат и да го собираат отпадот во локалната општина. Меѓутоа, добро е познато дека овие компании честопати бараат поткуп за работен ангажман, а овие заедници се толку сиромашни што не можат однапред да платат за да бидат ангажирани. Експериментиравме со поставување наши канти за отпад во одредени маала, за општините да не можат да кажат дека рециклирачите крадат, но дури и во тие околности полицијата продолжи да применува насилство и да ги малтретира рециклирачите.

Така, одлучивме да ја вклучиме јавноста. Сакавме да ја користиме иронијата за да ги потенцираме состојбите со кои се сооочуваат овие заденици, особено за време на пандемијата. Конкретно, сакав да извршам јавен притисок врз институциите кои се одговорни за овие социјални прашања, за да се зафатат со нив и посветено да работат за да ги подобрат состојбите со кои се соочуваат овие заедници.

Каков вид акции планиравте?

Првата акција ја планиравме во периферна област на Тирана што се вика Висберис, каде што во бараки, во многу лоши услови, живеат дваесетина семејства од малцинствата Роми и Египќани. Овде, нивната борба не е само борба за вработување, туку и за домување, а тоа ги прави едни од најранливите групи. Владините институции, па дури и некои НВО, тврдеа дека ситуацијата таму се подобрила, но тоа не ја одразува фактичката реалност со која се соочуваат овие луѓе.

Во месецот на одржување на парламентарните избори во Албанија, ги обоивме и ги маскиравме бараките како луксузни вили, за иронично да се соочиме со политичарите и со кандидатите кои ќе им пријдат на овие заедници за да го бараат нивниот глас, и покрај тоа што ги запоставуваат во изминатите години.

Како друг дел од нашата акција, членовите на заедницата ги маскираа запрежните коли што ги користат овие заедници за да се движат низ градот како јагуари. Тоа го нагласи големиот јаз и поделба меѓу богатството и приходите на политичарите и отсуството на богатство и приходи во заедниците на Ромите и Египќаните.

Како овие првични акции беа примени во јавноста и во заедницата?

Примивме многу повратни информации – особено многу пораки и коментари дека им се допаѓаат на луѓето. Вестите за нашата акција ги постиравме на една од најпознатите мрежи на социјалните медиуми во Албанија. Постот предизвика големо внимание и ние успеавме да го покренеме ова прашање за многу Албанци. Така, со оваа акција успеавме да го активираме алармот за проблемот, да ги направиме експлицитни овие два паралелни света пред парламентарните избори и да продолжиме со континуирано залагање за правата на овие заедници.

Што мислите, што беше тоа што оваа акција ја направи успешна?

Многу уживав во оваа акција бидејќи, иако беше предизвик, припадниците на заедницата беа многу активни во планирањето. Тоа беше една од нашите цели - тие да се вклучат во целиот процес. И тие навистина ни помогнаа да ја организираме акцијата, да останеме свесни зошто воопшто го правиме тоа, да го гледаме пред себе проблемот што сакаме да го покренеме и да одредиме како сакаме да го направиме тоа. Затоа, ова е една од акциите што најмногу ми се допадна, бидејќи имавме директен контакт и соработка со заедниците.

Како ги најдовте учесниците во вашиот проект и обука?
Со каква биографија доаѓаат тие?

На почетокот кога го објавив повикот, се надевав дека ќе се пријават млади уметници и активисти од заедниците на Ромите и Египќаните. Тешко беше да се привлече вниманието на уметниците, па затоа се фокусирав на активистите и на другите припадници на заедниците на Ромите и Египќаните. Во втората група имавме учесници со најразлична биографија, вклучително и студенти, медијатори на заедницата и луѓе кои немаа образование, но веќе работеа со разни НВО, активни во адресирање на овие прашања. Овие членови сега се наши контакт-точки во овие заедници и затоа сметам дека тоа што ги вклучивме и ги замоливме да ни помогнат при организацијата беше стратегиска одлука.

Што мислите, што научија вашите учесници за време на овој проект?

Во неколку пригоди имав слушнато за креативен активизам, но секогаш како идеја, а не како нешто што сме го користеле во нашата работа. За време на обуките и работилниците што ги планирав како дел од овој проект, моите учесници покажаа голем интерес, а јас се обидов да им дадам конкретни примери и да ги поврзам со теоријата што ја презентирав. Мислам дека тоа се рефлектираше на начинот на кој ги разгледавме нашите претходни акции, за да ги забележиме креативните аспекти на кои можеме да се надовземе и да идентификуваме што можевме да направиме поинаку за поефективно да ги вклучиме луѓето.

Кога станува збор за заедницата, оваа рефлективна дискусија ни помогна да понудиме конкретни примери со кои ќе ја илустрираме теоријата и ќе искомуницираме зошто се надеваме дека креативните приоди ќе имаат подолготраен ефект. Се обидов тоа да биде на едноставен начин заради различните биографии на сите и бидејќи ова е нова тема и ново прашање, но добив многу добри повратни информации и многу позитивни коментари што покажуваа дека луѓето навистина разбираат. Многу научив и од примерите што ги наведоа учесниците и вредеше да се размислува преку одговорите на прашањата што тие ги поставија.

Дали мислите дека методите на креативен активизам се поинтересни и повеќе ги привлекуваат различните медиуми отколку традиционалните методи користени за адресирање на социјалните прашања? На пример, зошто мислите дека инсталацијата е подобар избор од протест организиран од страна на активистите?

Мислам дека креативниот активизам навистина има смисла и беше интересно да се погледне назад на акциите што сме ги правеле во минатото и да сфатиме дека веќе сме користеле некои од овие стратегии. Не знаев дека работам креативни акции, само размислував за тоа како да го привлечам вниманието, да направам граѓаните и институциите да слушнат за проблемите на овие заедници. Всушност, еден од моите примери беше спомнат за време на првата обука за Регионални креативни јадра во 2019 и дури тогаш сфатив дека знам како да правам креативни акции. Само што ние никогаш не сме направиле експлицитно поврзување на теоријата и практиката. Притоа, ни помогна систематското размислување за тоа, како и размислувањето на кој начин да се надгради она што веќе го знаеме за вклучувањето на јавноста и адаптирањето на нашата работа на контекстот.

Секако, традиционалните активистички методи се добри, но кога може да додадете дополнителни нешта за да ја направите каузата посилна и да привлечете поголемо внимание и повеќе реакции, тогаш е уште подобро. Потребни ни се нови начини да допреме до луѓето и да направиме да го сменат нивното однесување. Мислам дека креативниот активизам стана уште поважен за време на пандемијата, бидејќи луѓето не можеа да протестираат и да се собираат на истиот начин. Дури и многу мали, симболични и креативни акции би можеле да имаат големо влијание во време кога тенденцијата е луѓето да бидат изолирани. Стануваше збор за генерирање влијание, дури и кога не беше возможно да се соберат многу луѓе за да се покаже силата низ бројки.

Дали ќе продолжите да ги користите методите на креативен активизам во вашата работа?

Да, верувам дека ќе продолжам да го користам овој метод, бидејќи гледам колку ми помогна да придонесам во работата на моите колеги и другите активисти надвор од мојот проект. На луѓето кои работат на други прашања сè уште им е потребна помош за да добијат поголемо јавно внимание и да ги направат граѓаните посензитивни на прашањата што треба да ги отвориме. Свесна сум дека оваа борба е долга и – иако не секогаш – може да биде поврзана со корупцијата, дека има креативни начини како да се адресираат многу од прашањата со кои се соочуваат заедниците на Ромите и Египќаните во Албанија.

Што мислите за еволуирањето на проектот? Дали тој се разви како што очекувавте или требаше да бидете пофлексибилни?

Да бидам искрена, тоа дефинитивно беше процес на адаптирање на условите – дури и на учесниците. На пример, во првите две акции имавме некои учесници кои не останаа инволвирани во обуката. Понекогаш мислам дека е поефективно да се концентрираш на една голема акција во центарот на кампањата. Но, врз основа на прашањата, условите во кои работевме и групата, одлучив да правам помали последователни акции. Тоа, исто така, помогна да се пополни и отсуството на некои активисти кои не се појавија или не останаа инволвирани.

Во третата фаза, преку изложбата што ја организирав – уметнички фотографии што се обидоа да ја покажат реалноста на индивидуалните рециклирачи – се обидов да соработувам со организации кои работат на оваа наша заедничка грижа. Ги поканив да ги кажат причините зошто, според нив, треба да се адресира ситуацијата со рециклирачите и колку е тоа важно за овие заедници. Така, како поединец, се обидов да ги соберам овие различни организации за финалните активности.

Кога би имале можност повторно да работите на овој проект, дали би го направиле на истиот начин или би направиле нешто поинаку?

Генерално, сметам дека е добро да се соработува со други организации. Но, од друга страна, свесна сум дека овој приод може да биде спротивен на агендата или на приодите на одредени организации. Затоа, би сакала да работам со организации и поединци со кои имаме ист приод и исти цели. Честопати се наоѓам себеси како го споделувам товарот на акциите и одговорноста само со група други активисти што ми се блиски, но се чувствувам мошне удобно и со неколку организации. Сепак, има и случаи кога не сум добила позитивен одговор или ентузијазам за соработка.

На крајот на проектот, мислам дека беше многу добро што можевме да работиме со другите. Тоа помогна да го споделиме товарот на активноста и ми овозможи да се чувствувам порелаксирана, затоа што тоа го правев со двајца или тројца други соработници.

Интервјуто оригинално беше направено на албански јазик, и заради концизност и јасност беше редактирано.

Photographs by Nina Radovanović

© Nina Radovanović

МАЈА КАЛАФАТИЌ

Маја Калафатиќ е кореограф за танц, изведувач и наставничка која живее и работи во Србија и во Словенија. Последниве години, нејзината работа се шири и вклучува и проекти на активизам во кои длабоко навлегува во движењето, поврзаноста и емпатијата. Во нејзините проекти против корупцијата во рамките на Регионалните креативни јадра, таа се стреми кон вклучување на јавноста на неочекувани, хумористични и интерактивни начини.

Започна со мал проект во Белград, провокативно наречен „Проектот уметничко гомно“ („Shit Art Project“). Во него се стреми кон тоа да го привлече вниманието кон еколошките последици како резултат од недоволното финансирање за уредување на парковите и санитарните јазли, како и на уметноста. Заедно со неколку соработници, таа собира измет од кучиња и го пренаменува во експонат за изложба, канејќи ја јавноста да размисли за незначајното ниво на финансии за Министерството за култура во Србија, додека во меѓувреме јавните фондови рутински се злоупотребуваат.

Нејзиниот поголем проект „Работата е во тек“ („Work in Progress“) беше изготвен заедно со група учесници и при изборот на акција што ќе се изведе ги зема предвид принципите на движење и интеракција, како и локалниот контекст. На крај, тим понудија мали услуги на луѓето кои во долги редици чекаа пред административните згради, признавајќи ја корупцијата со којашто се сретнуваат и поддржувајќи ги во користењето на официјалните канали за решавање на нивните проблеми. Ова кулминираше со интерактивна јавна инсталација, каде што луѓето можеа да ги идентификуваат проблемите за чиешто решавање им беше потребна помош. Мрежата учесници и активисти на Маја планира натамошни акции, за да ја илустрира моќта на поврзаноста и заемната помош во решавањето на локалните проблеми.

Може ли да ни кажете нешто за вашата работа и биографија?

Јас сум кореограф за танц и изведувач, ме интересира и теоријата и практиката на движењето. Магистрирав на Дисеминација на танц, а во изминативе неколку години во мојата практика го вклучив и активизмот. Кога слушнав за конкурсот за овој проект, си помислив тоа е токму она за што сум заинтересирана. Дојде во вистинско време за мене.

Живеам и работам во две држави (Србија и Словенија) и ме интересираат лиминалните територии – ме интересираат и концептите на граници, премини и она што се прави заедно. Исто така, бидејќи доаѓам од областа на танцот, честопати работам преку концептот на допир. Тоа е многу важно во целата моја работа.

Може ли да ни кажете нешто за вашиот прв мал проект?

Проектот насловен „Shit Art Project“ беше првата фаза којашто ја создадов за да нагласам една од еколошките последици на корупцијата. Улиците и парковите се во лоша состојба поради корупцијата во владата. Така, ја базирав акцијата на кучешкиот измет што може да се најде во парковите и во градот Белград и тоа го поврзав со недостигот на финансии за Министерството за култура во Србија. Ако уметноста и културата се само 0,73% од државниот буџет – тогаш тоа е *шит* и ние ќе ви вратиме шит. А сакав и да се размисли за прашањето Што претставува еден уметнички производ денес?“ Може ли уметноста да биде *шит*?

Така, со овие три компоненти планирав акција што ќе ги покани луѓето да ги исчистат парковите и да се ангажираат, зашто тие остануваат валкани. Изградивме „шит-мобил“ на мала количка со четири тркала и го собравме најдобриот измет од паркот и го изложивме како уметничко дело. Исто така, ги интервјуирав луѓето за да видам што мислат во врска со тоа колкави се средствата што се издвојуваат за уметноста и најголем дел од нив мислеа дека за таа цел се издвојуваат многу повеќе средства.

Може ли да ни кажете нешто за вашиот втор проект?

Вториот проект го нарековме „Work in Progress“ бидејќи не сакав веднаш да кажам што ќе биде крајниот производ. Сакав да го структурирам проектот така што самите учесници ќе бидат во интеракција, а потоа ќе бидат во интеракција со јавноста и заедно со неа ќе изградиме нешто.

Одлучив секоја обука да ја работам преку танцови вежби. Значи, секоја обука имаше теоретски дел, а потоа и практичен дел што може да вклучи, на пример, концепти на движење, за луѓето да ги научат. Главната идеја беше дека проектот треба да биде интерактивен. Навистина бев против тоа уште од почеток да презентирам нешто. Идејата беше дека целата работилница ќе остане како документ за проектот, а по работилницата ќе отвориме интерактивна инсталација. Ги поканивме луѓето да видат на што работиме – нашите дефиниции, нашите задачи, фотографии од работилницата и видеа. Имаше „задачи“ и за посетителите, така што беа поканети во нашиот свет и имаше многу работи што можеа да ги прават таму.

Главната идеја беше длабоко да се размисли за тоа како можеме да се здружиме во борбата против корупцијата. Инспирирани од нашите студии за допир и движење, ние навистина мислевме дека емпатијата е клучот за антикорупција. Ако има повеќе емпатија, ќе има помалку корупција. Оттука дојде идејата да ги поддржиме луѓето кои се соочуваат со корупција во секојдневниот живот.

Нашата акција на јавен простор се викаше „Опашки во тек“ („Queues in Progress“). Пред административните згради (полициски станици, банки итн.) обично има долги редици луѓе, па ние одевме таму за да покажеме емпатија и да им дадеме поддршка на оние кои чекаат. Луѓето некогаш ги избегнуваат овие долги редици користејќи поткуп или врски за да завршат работа. Така, ние изведувавме мали дела како поддршка на оние кои чекаа, на пример, им носевме столчиња на расклопување, им нудевме вода, накратко се менувавме со нив и чекавме ред за нив, разговаравме со нив, им носевме нешто од продавница итн. Ги прашувавме луѓето кои чекаа ред за информации: Што мислат за корупцијата? Дали им требаат врски за да завршат работа? Дали често ги користат? Дали воопшто би ги користеле? Така почнавме да разговараме со луѓето за ова прашање и за корупцијата како дел од секојдневниот живот. Сакавме да покажеме емпатија за луѓето фатени во маѓепсаниот круг на корупцијата, но и да покажеме дека ги поддржуваме во решавањето на нивните проблеми.

Видеото од оваа акција го користевме во интерактивната инсталација. Таму посетителите беа поканети да донираат мали проблеми што сакаат да ги решат во своите животи или во своето соседство, па сега имаме кутија полна со повеќе од 80 проблеми и ќе се обидеме да почнеме да ги решаваме. Повторно, се обидуваме да илустрираме како може да се здружиме и заеднички да ги решаваме проблемите наместо да се потпираме на корупција.

Која е врската меѓу вашиот проект и социјалниот/политичкиот контекст во којшто работите?

Во секој сектор од нашето општество и нашата држава има толку многу корупција. Да се адресира истото е комплицирано и тешко, бидејќи очајните луѓе треба да учествуваат ако се надеваат да ги решат нивните проблеми. Затоа зборуваме за емпатија – ако бевме социјализирани со повеќе емпатија еден кон друг, корупцијата немаше ни да постои, а луѓето ќе можеа поефективно да работат и заедно да ги решаваат проблемите.

На нашите работилници многу зборувавме за тоа како луѓето ќе реагират на нашите акции. Зборувавме за менталитетот на народот и за нашето искуство во рамките на српското општество. Сфативме дека луѓето веројатно ќе реагираат на акцијата, зашто тие се многу отворени, на некој посебен начин. На пример, кога првпат им придовме многумина мислеа дека ги продаваме столчињата на расклопување, па нè прашаа колку чинат. Нè интересираше да разбереме како ќе се поврзат со нас и со идејата што сакавме да ја пренесеме. Важно беше да се земе предвид контекстот, бидејќи за да се постигне истиот ефект на друго место, оваа акција требаше да се изведе на сосема поинаков начин (на пример, во Словенија).

Кои беа вашите цели со овој проект?

Главна цел беше емоционалното влијание – да се стапи во интеракција со луѓето, да покажеме дака ги цениме и ги почитуваме оние кои чекаат во редица толку долго, наместо да се обидуваат да го „заобиколат“ тоа користејќи врски или поткуп. Сакавме луѓето да почувствуваат дека имаат поддршка додека се обидуваат да ги решат нивните проблеми и да покажеме дека е важно да се има поголема емпатија и поврзаност во јавниот живот.

Имаме поширок цели да го направиме ова колективно, да им помагаме на луѓето да ги решат проблемите и да бидеме предизвик за корупцијата. Поканети сме од културни групи во други градови за да направиме слична акција со нив и тоа треба да се случи кон крајот на оваа или на почетокот на следната година. Би сакале да ја раширимe оваа идеја.

Дали мислите дека ги постигнавте вашите цели со овој проект?

Всушност, сметам дека проектот функционираше и подобро отколку што мислев. Интерактивната инсталација навистина ме изненади – мислев дека ќе биде многу ограничен дел од проектот, но на крајот остана речиси два месеца, а луѓето и натаму продолжуваа да доаѓаат. Ми дојде идеја дека тоа би можело да биде нешто што ќе го има постојано во музеј или во галерија – простор каде што луѓето ќе се едуцираат за креативниот активизам и корупцијата, но и ќе зборуваат за сопствените проблеми. Тоа е само идеја, можеби за во иднина!

Кога би можеле повторно да го работите вашиот проект,
дали би направиле нешто поинаку?

Мислам дека веројатно би можеле да одиме со покуса работилница. Во однос на акцијата, времето кога ја правевме не беше баш најдобро и мислам дека би можеле да размислиме за начини како подобро да се адаптираме на тоа. Во тој поглед, тајмингот не ни беше најдобар.

Како ги најдовте учесниците во вашиот проект и обука?
Со каква биографија доаѓаат тие?

Повеќето од учесниците ги знаев од претходно. Некои беа студенти, други веќе работеа, а некои беа луѓе кои не ги познавав многу и едноставно ги поканив. Тоа се млади луѓе со најразлични биографии од областа на уметноста, музиката и лингвистиката. Сите тие, на некој начин, веќе беа вклучени во активизам. Тоа беше прилично голема група - 10-мина. Навистина беше прекрасно искуство да се работи заедно со нив и сè уште сме многу блиски и поврзани. Секогаш споделуваме материјали во нашата вајбер група, на пример, слики од редици луѓе на различни места.

Беше малку тешко да се менаџира група од ваков обем. Особено беше предизвик да се менаџираат нашите распореди, да се биде сензитивен за потребите на другиот и да се биде свесен дека секој треба да оди на работа или на факултет. Не беше лесно секогаш да се најде време за да се биде присутен на ваков вид работилница. Програмата беше прилично долга – две недели бевме заедно и за тоа беше потребно многу договарање и разбирање за да се најде време што ни одговара на сите. Кога ќе се земе предвид сè, навистина бевме одличен тим.

Според вас, што научија вашите учесници за време на работилницата?

Направивме мала анкета на крајот на работилницата и луѓето рекоа дека тоа што дадов многу различни примери за креативен активизам од различни земји беше многу важно. Имавме многу практична работа во мали групи – барав од нив да одговорат на конкретни проблеми, објаснувајќи како би планирале акција врз база на различни аспекти на проблемот и на контекстот. Мислам дека беше важно што научија повеќе за тоа како ефективно да работат во групи и да постигнат компромис. Научија и многу практични нешта за креирање акција.

А вие? Што научивте вие за процесот и за креативниот активизам?

За мене тоа беше менаџирањето на времето. Навистина беше голем напор добро да се искористи времето, да се постави предизвик и цел и добро да се употребат две недели од животот на секој од нас. Добро беше и да се сработи нешто надвор, да се промени просторот во кој бевме и да се најде вистинското опкружување за нашата работа. Сфатив колку е добро да се работи во група како оваа – на пример, кога сите отидовме да купуваме за нашата акција, луѓето се јавуваа еден на друг и прашуваа: „Го зема тоа? А она?“ Беа многу возбудени. Тоа беше одлично чувство на доверба и одговорност еден кон друг и мислам дека тоа навистина покажува колку мене ми беше важно тоа чувство.

Следниот предизвик за мене е да размислувам како да одам над поврзаноста и интерактивноста и да достигнам друго ниво на вклученост. Како да постигнеме поголемо влијание? Сè уште учам за начините што би можеле да бидат возможни.

Имаше ли и други делови од учеството во проектот против корупцијата
во рамките на Регионалните креативни јадра што вам лично ви беа значајни?

Планирајќи го поголемиот проект, преку програмата бев поврзана со колега од Западна Африка и навистина научивме многу еден од друг. Тоа беше одлично искуство на споделување на нашите спознанија и проблеми, давање и примање совети и воспоставување навистина длабока врска. За мене ова беше еден од најубавите делови од ова искуство.

Многу ми значеше што ја имавме групата на ВатсАп за сите учесници. Одлично беше да се видат акциите на сите и да се добијат идеи. Ми беше важна и работата со менторите, како и работата во мали групи за завршната средба на проектот. Тоа беше одлична можност да се чујат сите како споделуваат искуства и размислуваат за нивниот проект, особено затоа што сите бевме многу зафатени, секој со сопствената работа.

Како ја гледате врската меѓу креативните/артистички приоди
кон активизмот и правењето општествена промена?
Зошто сакавте да користите креативен активизам во овој случај
(наместо други активистички стратегии, политички кампањи итн.)?

Постои голема разлика ако сте од политичка партија или претставувате одредена догма – креативниот активизам ви помага да ги поканите луѓето, да ги вклучите и да се поврзете со нив преку прашањето. Ние имаме јасна цел, а може да користиме и хумор или „одблиску“ да ѝ пријдеме на идејата на начин што ги поврзува луѓето, зборува во нивен контекст и ги повикува да дејствуваат. Доаѓа од народот и е за народот.

Заради концизност и јасност, интервјуто беше редактирано.

© RCH. „The MoonGirls Artistic Activism Workshop", Ghana 2022

ДРУГИ ПРОЕКТИ ОД ИНИЦИ-ЈАТИВАТА

ЗАПАДНА АФРИКА

Аласан Кона Балде (Гвинеја)
Евура Адамс Карим (Гана)
Оумар Сал (Сенегал)
Принц Ендрју Ардајфио (Гана)
Сали Билали Сов (Гвинеја)

ЗАПАДЕН БАЛКАН

Ана Ќимов (Србија)
Анила Бала (Албанија)
Драгана Гунин (Северна Македонија)
Миген Кираци (Албанија)
Вања Лазиќ (Босна и Херцеговина)

© RCH: „The MoonGirls Artistic Activism Workshop", Ghana, 2021

АЛАСАН КОНА БАЛДЕ

„СО МЕТЛА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА“

Аласан е многу активен на социјалните медиуми и ги користи за да промовира бихевиорални промени во заедниците. Има блог на WordPress под називот Konahlevigilant. Покрај тоа што е веб-активист, Аласан е и претседател и основач на НВО Граѓани за мир и правда (Citoyens pour la Paix et la Justice), чијашто цел е да придонесе во промовирањето на правата и обврските на граѓаните, спречување и мирно раководење со конфликтите и социјална кохезија во Гвинеја. Аласан е креатор на мислење во неговата заедница во регионот на Средна Гвинеја. Тој е магистер по лингвистика од Универзитетот „Julius Nyerere“ во Канкан, Гвинеја.

Неговиот проект се стреми кон тоа да придонесе во борбата против корупцијата во Гвинеја, преку формирање и обука на мрежа уметници и активисти, проследена со огромна кампања против корупцијата во заедницата. Тоа овозможи мобилизираните активисти да ја ревитализираат нивната посветеност против корупцијата, додека пак активистите ја подигнаа колективната свесност во заедницата за негативните последици од корупцијата.

Преку акции во заедницата и комуникациски кампањи на социјалните мрежи, креираната мрежа од активисти ќе продолжи да ги зголемува нивните акции против корупцијата и по завршувањето на проектот. На долг рок, тоа ќе помогне за проширување на димензиите на борбата против корупцијата на поголем број млади антикорупциски активисти и уметници.

ЕВУРА АДАМС КАРИМ

УКРАДЕНА ИДНИНА

Евура е мултиталентиран изведувачки уметник, фармер, социјален претприемач и креативен активист, кој е активно вклучен во работа со младите и во развојот и лидерството во заедницата, земјоделството, изведувачките уметности, креативниот активизам и претприемништвото. Има дипломирано ликовна уметност на Универзитетот на Гана и има сертификат за креативен активизам од Центарот за уметнички активизам. Како социјален претприемач, тој е заинтересиран за развојот на младите и жените во Гана. Исто така, тој е и коосновач и извршен директор на фондацијата Maltiti, непрофитна НВО во Гана.

Проектот на Евура собра група млади Ганци, креативци кои се заинтересирани за борба против корупцијата, за да го прошират и продлабочат разговорот, користејќи ги нивните уметнички форми. Со помош на духот на хардкор патриотизмот од страна на учесниците, за да се спротивстават на корупцијата во сите сфери, тие се стремат кон креирање бескраен разговор за поттикнување на довербата на луѓето во борбата против корупцијата. Вклучувањето на засегнатите страни имаше за цел да помогне, да води кон спроведување политики на темата, за да се обезбеди пад на стапката на корупција. Формалната соработка со релевантните органи ќе овозможи нивната платформа да се користи за примање анонимни пријави за корупција, што потоа ќе се препраќаат до органите, за да се спроведе истрага и да се преземат соодветни мерки. За да се задржи моментумот на проектот, состаноците беа одржувани онлајн, со цел да се овозможи постојан пристап на сите, а бидејќи интернетот никогаш не умира, нивните дела ќе останат таму. Тие ќе обезбедат и креирање клуб на свесни млади кои се заинтересирани за темата и кои сакаат да се посветат на тоа. Со сите овие воспоставени нешта, тие можат да развиваат активности и да бараат надворешно финансирање за да започнат со нив. Проектот ќе обезбеди постојана обука и комуникација.

ОУМАР САЛ

АРТУ – ААРУ (ПРЕДУПРЕДУВАМЕ, НИЕ СМЕ ПОМИРНИ)

Оумар Сал е автор и уметнички критичар кој го изнесува своето размислување за мобилноста на предметите и на нивното естетско влијание врз местата што се вкрстуваат. Меѓу пишувањето и креирањето филмови, тој ги става под прашање „влезовите“, за да го откриe целосното значење на НИШТОТО во светот, каде што заемната неактивност ги зафаќа и ги покрива сите сетила. Оумар е педагошки омбудсман во алтернативна обука за ранливи млади луѓе (Futur Academy), но и независен говорник на UFR CRAC (Цивилизација, Религија, Уметност и Комуникации) на Универзитетот „Гастон Бергер“ во Сент Луис и на Високиот институт за менаџмент во Дакар, Сенегал. Моментално, тој е заменик-директор на стартап студио и креативна агенција во Дакар.

Преку школото и популарната култура, неговиот проект придонесува во образованието на младите од руралната популација, за да го спречи негативното влијание на корупцијата врз нивната иднина и нивната локација. Заедно со слушателите, идентификуваат културни изрази што се едноставни, за населението да може да ги прифати. Овие нови дела беа емитувани на радиостаницата во заедницата во таа област, а меѓу слушателите во проектот имаше и радиоводители. Преку доброволна програма (надвор од часовите на училиште) спроведена и имплементирана со наставниците од основно образование од селото Ндинглер (од регионот Тиес) и младинските здруженија, младите луѓе беа алармирани за прашањата и опасностите од корупцијата. Културата во оваа област е многу усмена и „физичка“ (борење и танцување), па затоа идејата беше да се види дали слушателите можат да направат „ремикс“ на популарни песни и игри, „контаминирајќи“ ги со силни предупредувачки пораки за корупцијата. Децата (учениците и другите млади луѓе) и жените беа „експериментални глувци“ на овој приод, за да се проучи прифаќањето. Приказната беше употребена како креативен медиум. Креативната страна работеше на две нивоа: „мелодична диверзија“ на популарни песни и креирање нови дела. Процесот беше ист и со танцот, креирањето нови танци или ритми што можеби удираат со антикорупциска содржина.

ПРИНЦ ЕНДРЈУ АРДАЈФИО

#MAKEWETALK-THEMATTER

Принц е претприемач и креативен ерудит и има искуство со развој на бизнис, дигитални иновации и вклучување на младите. Негова страст е истражувањето на неконвенционалните иницијативи што ја менуваат тековната состојба и употребата на игрите за промена. Како експерт за бизнис, тој специјализира употреба на гејмификација и обратно инженерство во науката за забава, за да им обезбеди на стартапите конкурентни и трансформацски бизнис-модели. Моментално е претседател на поглавјето Гана на Enter Africa, афрофутуристички проект што ја користи моќта на гејмификацијата, размислувањето за игри, интерактивното раскажување приказни и суштинските искуства на 15 африкански земји.

Општа цел на овој проект беше да обучи и да негува различи сетови гласови во користењето на моќта на уметноста и креативноста во уметничкиот активизам, за да зборува за социјални и за политички прашања. Тој се надеваше на креирање нов кампус на имагинација – дом за бунтовници, авангарда и активисти кои ќе го поддржат моментот на растечка промена на институционалната култура на политички и социјални коментари за да се држи нацијата под контрола.

Друга цел на проектот беше да се воспостави партнерство со антикорупциските органи, за да се залага за антикорупциски политики во државата и да се обезбеди одржливост преку водење на овие работилници во средните училишта, со младинските групи и на универзитетите. Тие идентификуваа и обучија 8 млади креативци кои – на еден или на друг начин – веќе беа вклучени во креативно решавање на проблемите и во изнесување социјални коментари како форма на уметнички активизам. Обучените учесници самостојно реализираа индивидуални проекти, користејќи ги вештините што ги стекнаа, за да обезбедат поголемо практично искуство. За да се поттикне младината да се придружи во борбата против корупцијата со својот глас и да проговори преку кој било медиум, тие го синхронизираа проектот #MAKEWETALKTHEMATTER и ги користеа социјалните медиуми како алатка за зголемување на едукацијата и за создавање свест насочена кон различни луѓе низ земјата, применувајќи најразлични уметнички форми. Целиот процес - од обуката до реализацијата на проектот - беше документиран во слики и во документарни серии, за целите на идните референци и како архива за активизмот.

САЛИ БИЛАЛИ СОВ

SANS GAZER

Сали е млад гвинејски сајбер-активист, блогер и видеографер со диплома за применет компјутерски менаџмент (MIAGE) од Универзотетот „Ahmadou Dieng“ во Лабе, Гвинеја. Сали изработува веб-страници и е менаџер на заедницата за Hadafo Media Group (Fm Space, Espace TV, Sweet Fm, Kalac Radio и Espace Foutah) во Гвинеја. Тој е и блогер за RFI Mondoblog, набљудувач за France 24 и репортер за TV5 Monde Speakers. Сали е член на Sally Africtivist мрежата и на Гвинејската асоцијација на блогери (Ablogui) и координатор на асоцијацијата Villageois 2.0, чијашто цел е да ја подигне свеста за придобивките и ризиците од ИКТ.

Преку неговиот проект, Сали се стреми да ја организира уметничката борба на младите во државата во различни градови што тие ги имаат одредено како цел. Речиси сите активности се концентрирани во главниот град Конакри. Граѓаните на овие локации, особено младите мажи и жени, се постојано вклучени, но дисперзираните акции со граѓанското учество и отсуството на отчетност одат во полза на владетелите. Главното прашање беше како тие да се обединат преку уметничка борба, за да се ублажат ефектите на лошото владеење врз населението. Во секоја зона, беа формирани клубови наречени “DISCTR’ART” и во имплементацијата на проектот беа предложени интересите на заедницата. Со намалување на лошото владеење и расфрлањето со јавните фондови, тие би култивирале подобра основа за економски активности во корист на граѓаните. Беа во можност да обучат до 150 млади за уметнички активизам, да создадат три уметнички клубови (Лабе, Поподара и Пита), да организираат три јавни настани (по еден настан во секој “DISCTR’ART” клуб) и да направат 12-минутен документарен филм за проектот.

АНА
АЌИМОВ

СО ИНОВАТИВЕН АКТИВИЗАМ ВО БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

Ана Ақимов живее во гратчето Бечеј (Војводина, Република Србија), каде што долги години работи како новинар во локален медиум. Исто така, Ана е дел од Младинската асоцијација Бечеј, која се занимава со владеењето на правото, слободата на изразувањето и со прашања од областа на заштитата на животната средина. Таа вложи многу години работејќи во оваа организација која има за цел да го развие креативниот потенцијал на младите во градот.

Со оглед на високото ниво на корупција и големиот егзодус на младите од државата, Ана реши да создаде можност за младите да се ангажираат во серија работилници за креативен активизам и за методи на борба против корупцијата на локално ниво. Таа формираше група активисти од која произлезе движењето „КАКО“ (Креативни анти-корупциски оптимисти - Creative Anti-Corruption Optimists). Оваа група ги надмина своите очекувања, преземајќи иницијативи и по завршувањето на проектот. По завршувањето на серијата работилници, Ана, заедно со нејзината група од 50 младинци, успеа на различни места во нејзиниот град да организира три симболички акции насочени кон животната средина, за настани предизвикани од корумпирани практики на локалната и на централната власт. „Пресечете ја коруптивната мрежа“ е насловот на акциите кои, на симболичен и саркастичен начин, имаат за цел да ја критикуваат локалната власт која не се грижи за заедничките простори на своите жители. Зајакнувањето на врските со блиската заедница, создавањето младински колективи и експериментирањето со трансформативните потенцијали на уметноста и креативните дела беа лекциите што Ана ги научи во текот на процесот на имплементација на нејзиниот проект.

АНИЛА
БАЛА

НЕПРИЈАТЕЛ НА НАРОДОТ

Во последнава деценија, Анила Бала е активно присутна на албанската јавна сцена како уметник и активист, создавајќи уметност за прашања поврзани со социјалната правда, држејќи настава по општествено ангажирани практики и поддржувајќи го образованието на младите преку уметност. Креативниот активизам овозможува да се чујат маргинализираните гласови и придонесува за појава на нови, неочекувани личности во албанскиот јавен дискурс.

Нејзиниот проект „Непријател на народот“ започна со работилница за активизмот и општествено ангажираната уметност, во рамките на која младите беа запознаени со важноста на овие практики, и – конечно – учествуваше во реализацијата на два јавни настапи на тема корупција. Проектот и натаму се развиваше во класична театарска претстава организирана од млади актери-аматери од локалните заедници и презентирана по месните заедници во кои нема театри. Анила имаше за цел да ги ангажира младите од маргинализираните групи во практики од кои можеа да учат како да го користат својот глас и да зборуваат за проблемите преку уметност и активизам. Таквиот ангажман не само што решаваше општествени прашања, туку презентираше нови уметнички изведби за заедниците кои беа лишени од такви можности. Преку нејзините професионални вештини и активистички приод, таа успеа да создаде атмосфера на поголема моќ, ентузијазам и солидарност меѓу групата актери и локалните заедници каде што се одржуваа изведбите.



ДРАГАНА
ГУНИН

КОРУПЦИЈА ВРЗ ОСНОВА НА РОД НА РАБОТНОТО МЕСТО

Драгана Гунин живее во Северна Македонија – меѓу Скопје и Куманово – каде што работи како психолог и театарска режисерка. Двете дисциплини постојано се преплетуваат во нејзината професионална дејност и општествен ангажман. Чувствителна на социјалните и културните прашања, Драгана главно се ангажира во театарски изведби кои се однесуваат на реални настани и проблеми од секојдневието на нејзината држава.

Иако оваа борба е тешка и деликатна, Драгана се осмели со својот проект да изнесе на виделина над 500 приказни на жени кои доживеале уцена од прва рака за сексуални услуги во замена за зачувување на работното место или за постигнување други професионални цели. Работејќи со целосна дискреција, за да го заштити идентитетот на жените, таа формира група активистки составена од девојки и актерки со кои организираше серија работилници на теми поврзани со родово-базираното насилство и алтернативни методи на креативен активизам. Во отсуство на судска интервенција, нејзиниот проект има за цел да ја промовира неопходноста од формирање солидарни колективи на жени и мажи кои се поддржуваат, се слушаат и се штитат едни со други. Таа го конкретизираше својот проект со тоа што им даде глас на сите овие приказни кои ги објавува во аудиоформа, осудувајќи го таквиот наратив. Врз основа на овие приказни, таа спроведе теренска интервенција во градот Скопје, пренесувајќи пораки што ја развиваат свеста за заканувачката атмосфера во којашто се наоѓаат девојките и жените. Драгана секогаш се стреми кон тоа да им даде имагинативна димензија на нејзините креативни дела, така што од овој процес таа подготвува драматуршко сценарио кое потенцијално ќе биде поставено на сцената за поширокота публика.

МИГЕН
КИРАЦИ

ВЕТУВАЊЕ ДО ВАШИОТ ХЕРОЈ

Миген Кираци е архитект и активист кој со години се ангажира во граѓанското општество, борејќи се за правото на образование, борбата против корупцијата и заштитата на јавните простори во градот. Во своите ангажмани, Миген се концентрира на изградбата на заеднички сензибилитет и свесност за општествените прашања и колективните ангажмани.

Неговиот проект „Ветување до вашиот херој“ започна со работилница за креативен активизам која се однесуваше на можноста за користење други вештини и практики – покрај активизмот – за постигнување максимален ефект на заедничките пораци што се испраќаа во јавноста. Прераснувајќи во национална кампања за подигнување на свеста, неговиот проект им се спротивстави на почесните историски херои со современи прашања. Неочекувано, граѓаните беа ставени во положба да размислуваат и да замислат како би реагирале овие историски личности и дали тие би се одлучиле против сегашната корупција. Граѓаните беа поканети на картони во форма на овие историски херои да го напишат она што би им го ветиле ним. Секој граѓанин напиша ветување за своите херои и прочита што другите напишале. Следуваа дискусии за овие сегашни и историски моменти меѓу организаторите и локалните заедници каде што се одржуваа активностите. Со помош на оваа кампања, граѓаните беа ангажирани активно да замислат и да решат како би изгледала сегашноста од перспектива на историјата, како и од перспектива на највисоките заеднички вредности.

ВАЊА
ЛАЗИЌ

СЛОБОДА НА РЕКИТЕ

Вања Лазиќ е илустраторка и графичка дизајнерка која е многу активна во последниве години во областа на заштитата и зачувувањето на природните живеалишта во Босна и Херцеговина. По преселувањето од градот и живеење на периферијата, таа има организирано серија јавни акции против неконтролираната изградба на хидроцентрали и со нив поврзаните коруптивни случаи кои се закана за животната средина.

Вања започна со организирање акции во Ливно, Дервента и во Зеница за директно да се конфронтира со корумпираните компании и власти преку нејзините интервенции кои го проблематизираа она што ѝ се прави на животната средина. Нејзините акции се однесуваа на заштитата на реките во Ливно, борба против уништувањето на шумите во Дервента и потребата да се запре со загадувањето на воздухот во Зеница. Таа го разви својот проект врз основа на овие три столба и го насловi „Слобода на реките“. Првичните чекори на проектите подразбираа серија работилници насочени кон потребата за обука и за практикување на граѓанската креативност, како и алтернативни форми на граѓанска реакција преку уметност и активизам. Се користеа звучни реквизити за да се сигнализира алармантното ниво на загадување на воздухот во Зеница. Беа организирани акции за чистење на реката Струба во Ливно, а во Дервента се направи кампања за садење дрвја. Посветеноста кон еколошките прашања за Вања се претвори во доживотна борба, преку која таа се впушти во креативни процеси и ги употреби своите уметнички вештини за солидарност со социјалните и природните грижи.

© RCFI: „Un coup de balai contre la corruption", Guinea, 2021

So what if you are pregnant, if I want to, I can fire you.

ЗНАЈ
ДЕКА
НЕ СИ САМА.
ДОБИВ
МЕЃУ
СО
СЕКСУАЛНО
ВОЗНЕМИРУВАЊЕ
СОДРЖИНА ОД
ПРЕТПОСТАВЕН.
Beni
susturmak
istediler.

— Reglement Intérieur
— Respect du Timing
— L'importance d'ouvrir

PROJET

PAAC

Sanctions
HUB
CREATIFS



KUPUJEMO STRIPOVE
LUNOV MAGNUS ZLATNA SERIJA ALAN FORD
РЕДОВИ
У
ТОКУ
redoviutoku #jacekam

KWAME BOAHEN HALL

SAJAM ANTIKORUPCIJE

09
© РКЈ: „Артивизам за промени“, Северна Македонија, 2021

10
© РКЈ: „Корупција врз основа на род на работното место“, Северна Македонија, 2021

11
© РКЈ: „Уметничко-активистички проект против корупцијата (ПААК)“, Сенегал, 2021

12
© РКЈ. „Работата е во тек“, Србија, 2021

13
© РКЈ: „АРТУ – ААРУ (КОГА ПРЕДУПРЕДУВАМЕ, НИЕ СМЕ ПОМИРНИ)“, Сенегал, 2021

14
© РКЈ: „Украдена иднина“, Гана, 2021

15
© РКЈ: „On My Own“, Босна и Херцеговина, 2021

© RCH: „Sans Gazer", Guinea, 2021

СИТЕ УЧЕСНИЦИ ВО РЕГИО-НАЛНИТЕ КРЕАТИВНИ ЗАДРА

Учесници од Западна Африка
Учесници од Западен Балкан
ФОО (Канцеларијата во Њујорк)
Центар за уметнички активизам (Њујорк)
Консултанти од ОДС (Брисел)

ЗАПАДНА АФРИКА
УЧЕСНИЦИ ВО РЕГИОНАЛНИТЕ КРЕАТИВНИ ЗАДИРА

Иницијатива за Отворено општество за Западна Африка (OSIWA):	Град (Земја)	Организација
Хава Ба	— Дакар (Сенегал)	
Ибраима Амаду Ниан	— Дакар (Сенегал)	
Махамаду Диало	— Конакри (Гвинеја)	
Ментори/Локални обучувачи:		
Мамадоу Билиа Ба	— Конакри (Гвинеја)	Ла Муз
Мохамед Ламин Сума	— Конакри (Гвинеја)	Ла Муз
Чеик Сен	— Дакар (Сенегал)	
Ндије Фатоу Тункара	— Дакар (Сенегал)	
Мохамед Шани Абдула	— Акра (Гана)	
Соработник:		
Фатоу Кине Диоуф	— Дакар (Сенегал)	
Учесници:		
Ребека Екпе	— Акра (Гана)	
Уди Ал-асан	— Акра (Гана)	
Акосуа Хансон	— Акра (Гана)	
Евура Адамс Карим	— Акра (Гана)	
Џоана Гунаб	— Акра (Гана)	
Џенифер Амуа	— Акра (Гана)	
Принц Ендрју Ардајфио	— Акра (Гана)	
Магдалена Кваши	— Акра (Гана)	
Аласан Кона Балде	— Конакри (Гвинеја)	
Махамаду Алиу Диало	— Конакри (Гвинеја)	
Афива Мата Ахуацобе	— Конакри (Гвинеја)	
Сали Билали Сов	— Конакри (Гвинеја)	
Махамаду Чело Диало	— Конакри (Гвинеја)	
Ибраима Алсени Бангура	— Конакри (Гвинеја)	
Кумба Сила	— Дакар (Сенегал)	
Хамет Ба	— Дакар (Сенегал)	
Џибе Диавара	— Дакар (Сенегал)	
Оумар Сал	— Дакар (Сенегал)	
Оуми Рецина Самбу	— Дакар (Сенегал)	
Маме Диара Бусо Кане	— Дакар (Сенегал)	
Видеографи:		
Мамадоуд Бајло Бари		
Медуне Диа Гије		
Јоу Обенг		

АЛБАНИЈА

	Град	Организација
Фондација Отворено општество за Албанија:		
Брунилда Бакшевани (Милкани)	— Тирана	
Дритан Нелај	— Тирана	
Соработник:		
Дајана Малаи	— Камза	АТА група
Учесници:		
Миген Кираци	— Тирана	НВО Граѓански отпор
Анила Бала	— Тирана	Театарски режисер/ независна уметница
Јета Пера	— Тирана	Активист
Елкјана Ѓипали	— Тирана	Асоцијација на млади албански креатори на филм
Валентина Боници	— Тирана	Независна уметница
Советник:		
Ема Андреа	— Тирана	Глумица/независна уметница
Експерт (вебинар за видео продукција):		
Елтон Бацаку	— Тирана	Барака продукција

БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

	Град	Организација
Фондација Отворено општество — Босна и Херцеговина:		
Аида Ченгиќ	— Сараево	
Џенана Трбиќ	— Сараево	
Учесници:		
Едиса Демиќ	— Мостар	
Вања Лазиќ	— Олово	
Касја Јерлагиќ	— Сараево	
Смиља Јаковиќ	— Сараево	
Лејла Мазлиќ	— Сараево	
Експерт (обучувач на вебинар за анти-корупцијата во животната средина):		
Денис Жишко	— Тузла	Центар за екологија и енергија, Архуски центар – Тузла
Советник:		
Зоран Иванчиќ	— Сараево	ЦПИ Фондација
Видеограф:		
Емир Џанан	— Сараево	

Фондација Отворено општество — Македонија:	Град	Организација
Славица Инцевска	— Скопје	
Адријана Лавчиска	— Скопје	
Ментори/Локални обучувачи:		
Никола Писарев	— Скопје	Центар за современи уметности
Ѓорѓе Јовановиќ	— Скопје	Уметник
Горан Костовски	— Скопје	Уметник
Андреј Митевски	— Скопје	Уметник
Учесници:		
Драгана Гунин	— Куманово	Уметница
Игор К. Илиевски	— Скопје	Новинар
Зорица Зафировска	— Скопје	Уметница
Дарко Талески	— Прилеп	Уметник
Јелмаз Дервиши	— Скопје	
Експерти (обучувачи на вебинари):		
Стефан Палитов	— Скопје	
Герман Филков	— Скопје	Центар за граѓански комуникации
Видеографи:		
Верица Биковска		Футура Синема
Гоце Лалковски		Футура Синема
Драган Колевски		Футура Синема
Елена Каранфилова		Футура Синема

Фондација Отворено општество Србија:	Град	Организација
Радмила Масловариќ	— Белград	
Миодраг Милосављевиќ	— Белград	
Учесници:		
Ана Ќимов	— Бечеј	Младинска асоцијација Бечеј
Маја Калафатиќ	— Белград	
Горан Дениќ	— Белград	Музеј на корупцијата
Милан Стефановиќ	— Ниш	НВО Протекта
Небојша Цериќ	— Нови Сад	Европски младински центар на Војводина
Експерт (обучувач на вебинар за анти-корупција во животната средина):		
Мирко Поповиќ	— Белград	РЕРИ
Видеографи:		
Немања Бабиќ	— Белград	Панорама филмови
Андреја Ковач	— Белград	Панорама филмови
Графички дизајнер на книгата:		
Мане Радмановиќ	— Белград	

ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО (ФОО) (КАНЦЕЛАРИЈА ВО ЊУЈОРК)

Сама Пит	— Култура и уметност, ФОО, Њујорк
Лорен Агоста	— Култура и уметност, ФОО, Њујорк
Бет Данлоп	— Стратешко одделение, ФОО, Њујорк
Конор Смит	— Стратешко одделение, ФОО, Њујорк
Џесика Лоинг Розенберг	— Програма за економска правда, ФОО, Њујорк
Меган Колнар	— Програма за економска правда, ФОО, Њујорк
Марк де ла Инглесиа	— Програма за економска правда, ФОО, Њујорк

ЦЕНТАР ЗА УМЕТНИЧКИ АКТИВИЗАМ (C4AA) (ЊУЈОРК)

Ребека Брej	— Ко-директорка, C4AA
Стивен Данком	— Ко-основач, C4AA
Стив Ламберт	— Ко-основач и ко-директор, C4AA
Алина Константин	— Практикантка
Калеб Стивенс	— Практикант

ПОДДРШКА ЗА РАЗВОЈ НА ОРГАНИЗАЦИИ (ОДО) КОНСУЛТАНТИ (БРИСЕЛ, БЕЛГИЈА)

Вероника Хорват
Ана Цезари
Ваутер де Лонг
Ема Харт
Андре Нарос Лач
Ханде Танер



УПРАВУВАЧКИ КОМИТЕТ НА РЕГИОНАЛНИТЕ КРЕАТИВНИ ЈАДРА

Адријана Лавчиска
Аида Ченгиќ
Бет Данлоп
Брунилда Бакшевани (Милкани)
Конор Смит
Хава Ба
Ибраима Ниан
Џесица Лоинг Розенберг
Лорен Агоста
Мамадоу Диало
Радмила Масловариќ
Ребека Брej
Славица Инџевска
Сама Пит

cip